# ПРЕВЕНЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА СО ЦЕЛ ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПИТАЧЕЊЕ И ПРИСИЛНИ МАЛОЛЕТНИЧКИ БРАКОВИ

Скопје, септември 2024

Кофинансиран од Европската Унија

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

# ПРЕВЕНЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА СО ЦЕЛ ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПИТАЧЕЊЕ И ПРИСИЛНИ МАЛОЛЕТНИЧКИ БРАКОВИ

Автори:
**м-р. Елена Грозданова**
**проф. д-р. Верица Стаменкова-Трајкова**

Истражувањето е дел од проектот: „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија" кој се имплементира во рамки на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален Инструмент за Западен Балкан и Турција".

септември 2024

Советот на Европа

Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, © Советот на Европа, година на издавање. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Дирекцијата за комуникации, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int
© Совет на Европа, септември 2024. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **Листа на кратенки** | | **4** |
| **1** | **Резиме** | **5** |
| **2** | **Вовед** | **7** |
| 2.1 | Цели и причини за спроведување на истражувањето | 8 |
| 2.2 | Методологија | 9 |
| **3** | **Правна рамка** | **10** |
| 3.1 | Меѓународни правни инструменти и стандарди за заштита на децата жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови | 10 |
| 3.2 | Национално законодавство | 15 |
| 3.3 | Институционални механизми и стратешки документи | 19 |
| **4** | **Теоретско определување на проблемот** | **23** |
| 4.1 | Видови на експлоатација на деца жртви на трговија со луѓе | 23 |
| 4.2 | Опсег и тренд на трговијата со деца во Северна Македонија во период од пет години 2019-2023 година | 24 |
| **5** | **Анализа на добиените резултати од истражувањето** | **32** |
| **6** | **Заклучоци и препораки** | **41** |
| **7** | **Библиографија** | **46** |
| **ПРИЛОЗИ** | | **48** |

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **АВСМ** | Агенција за вработување на РСМ |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **БРО** | Биро за развој на образование |
| **ВСМ** | Влада на  Северна Македонија |
| **ГРЕТА** | Група на експерти за акција против трговијата со луѓе во Совет на Европа |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **НКБТЛИМ** | Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција |
| **НС и АП** | Национална стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **ПБТД** | Подгрупа за борба против трговија со деца |
| **Република Северна Македонија** | Северна Македонија |
| **СОП** | Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МТ** | Мобилни тимови |
| **УНИЦЕФ** | Организација на обединетите нации за правата на децата |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ЦЖТЛ** | Центар за жртви на трговија со луѓе |
| **ЕБТЛИМ** | Единица за борба против трговија со луѓе и илегална миграција |

# 1 Резиме

Истражувањето произлезе од потребата да се утврдат фактичката состојба и актуелните трендови во државата во врска со трговијата со деца со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови во последните пет (5) години. Со истражувањето се прави проценка на одговорите на официјалните претставници од институциите и граѓанските организации за оваа појава во рамки на меѓународните и европски стандарди.

Изработката на истражувањето е направена врз основа на мислењата, односно одговорите добиени од страна на претставниците на државните институции, граѓанските организации кои делуваат на полето на спречување и заштита од трговија со луѓе како и врз основа на постоечките мерки кои ги преземаат или ги планираат за учество во иницирање и креирање политики заедно со сите релевантни институции одговорни за ова прашање како и активности за подигање на јавната свест.

Како дел од активностите беше направен и краток преглед на националната и меѓународната рамка за трговијата со деца со цел трудова експлоатација, питачење и малолетнички присилни бракови како и на постоечките стратешки документи усвоени од Владата на Република Северна Македонија.

Спроведеното истражување дава преглед на горе наведените трендови при што се нагласува и постоечката ранливост и потенцијалните опасности за децата во нашата држава укажувајќи при тоа на неефикасно спроведување на националните и меѓународните стандарди, што е тоа што би требало во иднина да се промени и да се унапреди во функција на практично спроведување на сите преземени обврски, како и потребата да се унапреди и зајакне соработката помеѓу сите одговорни субјекти.

Важно е да се истакне дека стручните лица од државните и локалните институции се свесни за предизвиците со кои се соочуваат особено кога тоа се потенцира од страна на меѓународните организации. Пример за тоа е извештајот на ГРЕТА, но предизвиците се дефинирани и во извештаите на граѓанските организации во нашата држава. Исто така, стручните лица од Центрите за социјална работа и инспекторите од ЕБТЛИМ во Министерството за внатрешни работи во текот на дискусиите водени во фокус групите, информираат дека секојдневно на улиците присутна е појавата на деца кои се искористуваат за питачење, но како новина потенцираа дека се повеќе и граничните премини стануваат место каде се зголемува бројот на питачење од страна на деца при што ризикот и можностите да станат жртви на трговија со деца се зголемува.

Исто така стручните лица од институциите истакнаа дека праксата за неказнивост на сторителите, односот на граѓаните кон питачите, малите казни, немањето на соодветна координација и недоволно финансиски и човечки ресурси претставуваат

потенцијални ризици да продолжи во нагорна линија трендот на трудовата експлоатација на децата преку питачење, како и трговијата со деца со цел присилен малолетнички брак.

Во насока на превенција на ризикот на питачење, испитаниците беа согласни дека е потребно да се отвори Центар за психосоцијална поддршка на жртвите на трговија со луѓе односно деца, да се прават координирани заеднички превентивни контроли од страна на социјалните работници и инспекторите во МВР, да се спроведуваат кампањи за подигање на јавната свест, но да се внимава како се конципирани кампањите, да се информираат и едуцираат децата во училиштата, да се реализираат информативни средби и да се подели информативен материјал на големите и малите компании во врска со темата, институциите доследно и професионално да постапуваат и да вршат мониторинг на реализирани активности, да се јакне свеста на јавните обвинители за непрепознавањето на трудовата експлоатација кај децата, да се реализираат обуки за сите стручни лица и да се воспостави база на податоци за истото и да се интервенира во измени на законска регулатива каде е потребно.

Во однос на присилните малолетнички бракови се зголемува бројот на склучување на истите. Ова особено се случува кај ромската заедница која се повикува на традицијата и доколку се реагира од страна на надлежните институции, која се жали на дискриминација и непочитување на нивната традиција. Потребно е родителите од ромската популација да се едуцираат за трговијата со деца за присилен брак и за законските прописи за казнивост.

Истражувањето покажува дека се потребни конкретни иницијативи, мерки и активности кои се во согласност и со новите трендови и начини на регрутирање на деца во ланецот на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Во таа насока се препорачува зголемување на бројот на вработени стручни лица во институциите кои се надлежни за заштита на децата, како би се спроведувале проактивни мерки по примерот на мулти-дисциплинарните тимови, со цел превентивно да се делува особено врз ранливите категории на деца.

# 2 Вовед

Трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација е во пораст низ цела Европа, вклучувајќи ги и земјите од Западен Балкан. Со неа се опфатени и децата.[1]

Интензитетот на овој феномен во Европа па и кај нас е тесно поврзан пред се со економската состојба и сиромаштијата, но секако и со глобалните миграциски движења кои се интензивираа во последниот период.

За да се превенира или елиминира овој феномен потребна е акција на сите одговорни и заинтересирани страни: државните институции, граѓанските организации, локалната самоуправа и меѓународните организации. Со заедничка комуникација и меѓусебно информирање за проблемите и состојбите со овој феномен на сите нивоа, спроведување на истражувања, анализи, јавни дебати за овие прашања, спроведување на мали но долгорочни активности пред се за подигнување на јавната свест, и поголема вклученост на граѓанските организации и на пошироката јавност во сите процеси на одлучување и креирање политики, може да се дојде до конкретни резултати.

Северна Македонија е оценета како една од првите земји во регионот која ги започна законските реформи за ефективна борба против трговијата со луѓе и која има воспоставено одговорен, оперативен и координативен систем во согласност со релевантните меѓународни конвенции и протоколи. Ефикасниот и координиран напор во борбата против трговијата со луѓе е дополнително синхронизиран од страна на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција како и на воспоставениот Национален механизам за упатување на жртвите од трговијата со луѓе/деца.

Северна Македонија е целосно посветена на постоечките реформи во областа на борбата против трговијата со луѓе, исполнувајќи ги во најголем дел законските барања и пракси во врска со инкриминацијата на трговијата со луѓе, заштитата и помошта на идентификуваните жртви, што впрочем и произлегува од ратификуваните меѓународни конвенции и протоколи.

Но, во последните неколку години, трговијата со деца со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови во нашата држава претставува едно од прашањата и областите на кои е потребно повеќе да се фокусираме.

Извештаите, во многу случаи, ја потврдуваат економската состојба како еден од најважните и најзначајните фактори за домашните жртви, најчесто децата и особено

[1] Совет на Европа, Извештај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија: фактори на ризик, трендови и предизвици, 2022, стр. 13.

девојчиња, да завршат во внатрешната мрежа на трговијата со луѓе. Исто така, потврдена е и родовата застапеност на сметка на жените/девојчињата како жртви во сеопштата стапка на националната сиромаштија како структурен фактор. Други ризици вклучуваат насилство врз жените и девојчињата и семејно насилство кое е многу високо, особено во руралните подрачја, во ниско развиените региони, меѓу етничките малцинства (Роми), социјално исклучените лица, невработените, итн.

## 2.1 Цели и причини за спроведување на истражувањето

Општата цел на истражувањето: Проценка на состојбите со трговија со деца со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови во Северна Македонија во период од последните пет (5) години (2019-2023) со цел утврдување на конкретни и ефикасни мерки за спречување на овој вид криминалитет.

Посебни цели на истражувањето:

- Да се **откријат ризиците** за појавата на секој од овие три вида трговија со деца;
- Да се предложат соодветни **мерки за превенција на ризиците** од трговија со деца за трудова експлоатација, за присилни малолетнички бракови; и за питачење преку предлагање на измена и дополнување на националната законска регулатива и примена на добри пракси.

Причините за подготовка на ова истражување ги вбројуваат:

1. Недостатокот на целосни официјални податоци за бројот на деца жртви, особено за видот на експлоатација, како и нецелосна слика за причините и ризиците за појавата на овој вид криминалитет;
2. Зголемениот број на жртви од овие 3 вида трговија со деца;
3. Големиот број на неидентификувани жртви од секој од овие 3 вида на трговија со деца;
4. Недоволните сознанија за индикаторите за трговија со деца за трудова експлоатација и нивна примена од страна на надлежните за спречување на овој вид криминалитет;
5. Нејаснотијата и неодлучноста дали питачењето е традиција во ромските семејства, занемарување на детето од страна на родителите, или е трговија со дете;
6. Присилните малолетнички бракови, чиишто број се зголемува, сеуште се мистерија, бидејќи се одвиваат во кругот на семејствата, вообичаено не се регистрираат официјално лицата и тешко се открива кога тие бракови се присилни, а кога не;
7. Недоволна информираност на јавноста за постоење на овие видови трговија со деца;
8. Потреба од подобрување на превенцијата на трговијата со деца со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови.

## 2.2 Методологија

Истражувањето се потпира на квалитативна анализа на податоците добиени од применетите техники: десктоп анализа на релевантни меѓународни и национални документи поврзани со трговија со луѓе/деца, прашалник, полуструктурирано интервју и фокус групи. Примерокот го сочинуваат професионалци во областа на трговија со луѓе/ деца од соодветни институции, МВР, ЦСР, МТСП, Државен инспекторат на труд, граѓански и меѓународни организации. Податоците се собрани во период декември 2023 – јануари 2024 година.

**Применети методи и техники**
Во рамките на истражувањето направена е: **анализа** на меѓународни документи, кои се ратификувани од страна на Северна Македонија и национално законодавство кое го регулира прашањето поврзано со заштита на жртвите на овој вид организиран криминал, како и изработените стратешки документи и акциски планови усвоени од државата.

**Прашалникот** користен во ова истражување содржи 27 прашања. На самиот почеток содржи информација за целта и намената на истражувањето и упатство за начинот на одговарање на прашањата. Прашалниците се доставени до 30 ЦСР, 3 вработени во МВР, 4 граѓански организации. На прашалникот одговориле: 20 испитаници од ЦСР (16 социјални работници, 2 правници, 1 психолог), 1 инспектор од МВР, 2 инспектори од ОСО СК,/НЕБТЛИМ, 5 одговорени прашалници не содржат информација во која институција или граѓанска организација работат лицата кои одговориле на прашалникот. Вкупно се одговорени 29 прашалници.

Во истражувањето користено е полуструктурирано **интервју** кое содржи седум конкретни прашања, релевантни за целите на истражувањето, за кои испитаниците ги изнесоа своите перцепции и сознанија за трендот на движење на бројот на деца жртви на трговија за трудова експлоатација, питачење и присилните малолетнички бракови, ризиците и превенцијата на ризиците за спречување на трговијата со деца. Во интервјуто учествуваа 19 испитаници.

За целите на истражувањето одржани се **средби со две фокус групи**, во кои учествуваа 20 претставници од различни институции: МВР, ЦСР, Државен инспекторат на труд, Националниот известувач за трговија со луѓе. За водење на дискусијата во фокус групите подготвен е протокол, по кој што дискусијата беше целно водена.

На основа на емпириската анализа на добиените податоци, извештајот завршува со сет заклучоци и препораки за превенција на ризиците и предлог мерки за успешна борба со трговијата со деца со акцент на деца жртви на трудова експлоатација, питачење и присилни бракови.

# 3 Правна рамка

Приоритетот на почитување на човековите права и правата на детето денес е широко прифатен како основен принцип на одговор на феноменот трговија со луѓе. Бидејќи правата на детето се неразделни и меѓусебно поврзан корпус на економски, културни, граѓански, политички и социјални права, секој организиран одговор против трговијата со деца треба да се фокусира на благосостојбата на детето во согласност со принципите на недискриминација, почитувањето на најдобри интереси на детето, право на живот, опстанок, развој и учество. Мерките што државите ги преземаат против трговијата со луѓе не треба да влијаат врз правата и достоинството на детето жртва, но треба да го заштитат детето од понатамошна експлоатација и повреди преку обезбедување соодветна здравствена, социјална и психолошка грижа и помош. Перспективата на правата на детето претпоставува посебни мерки за заштита на детето жртва на трговија со луѓе, фокусирано на спречување на околностите кои може да го пренесат детето од еден контекст на злоупотреба на друг. Ова претпоставува развивање и спроведување на соодветни политики и мерки за успешна реинтеграција на детето во заедницата на потекло или во друга нова заедница.

## 3.1 Меѓународни правни инструменти и стандарди за заштита на децата жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови

Кога се говори за заштита на децата-жртви на трговија со луѓе, треба да се напомене дека не така одамна децата во меѓународното право се препознати како чувствителна и специфична категорија за чија заштита не се доволни вообичаените механизми кои се користат во борбата против трговијата со луѓе. Перспективата на правата на детето претпоставува посебни мерки за заштита на детето жртва на трговија со луѓе.

**Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за спречување, елиминирање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца[2]**, се од особена важност во борбата против трговијата со деца во сферата на општите документи донесени под покровителство на ООН.

[2] Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за спречување, елиминирање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца, 2000 www.justice.gov.mk.

Во областа на документите на Организацијата на обединети нации (ООН) и специјализираните агенции кои се занимаваат исклучиво со децата најважни се: Конвенцијата за правата на детето; Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето, кој што забранува продажба на деца, детска проституција и детска порнографија; и Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот 182 за најтешките форми на детски труд.

Сите донесени меѓународни договори имаат иста цел:

- спречување и борба против трговијата со луѓе, со посебно внимание посветено на жените и децата;
- заштита и помош на жртвите на трговија со луѓе, со целосно почитување на нивните човекови права;
- подобрена соработка меѓу државите потписнички со цел да се постигнат овие цели, што е неопходно, бидејќи станува збор за работа што припаѓа на доменот на организираниот криминал.

Покрај обврзувачки документи на меѓународен план, исто така, се донесуваат документи, кои ги штитат правата на детето, но не се обврзувачки. Тие обично се класифицираат како «меки закони» (soft laws), бидејќи државите прифаќаат необврзувачки правила кои одразуваат одредени правни перцепции врз основа на кои се дејствува во насока на јакнење на заштитата на детските права. **Пример за таков документ, донесен од Организацијата на обединетите нации за правата на децата (УНИЦЕФ) е Прирачникот за постапување со децата-жртви на трговија со деца.**[3] Овој прирачник ги опишува процедурите за постапување со деца жртви на насилство, адаптирани согласно најдобрите интереси за детето, а служи за да ги заштити децата од дополнително влошување на веќе ранливата состојба.

Бидејќи трговијата со деца претставува сериозна повреда на правата на детето, основниот документ за воспоставување насоки во оваа област е **Конвенцијата на ОН за правата на детето**[4] која е најавторитативен меѓународен договор во областа на детските права. Конвенцијата за правата на детето е ратификувана од Северна Македонија и содржи прецизен каталог на детски права. Донесен е документ со кој се укажува на посебноста на детето. Конвенцијата е универзално прифатена и ја покажува зрелата свест на човештвото во врска со постоењето на правата на детето и потребата за нивно промовирање и заштита. Сите права се подеднакво важни и неделиви, меѓутоа, четири права се подигнати на ниво на основни принципи:

- Право на живот, опстанок и развој (чл.6);
- Најдобри интереси за детето (чл. 3);
- Право на недискриминација (чл. 2);
- Право на партиципација (чл. 12).

Покрај гореспоменатите права загарантирани со Конвенцијата, постојат и група на права со исклучително заштитнички карактер или како што Комитетот за правата на детето ги дефинира - правата на детето во посебни ситуации. Ова ги вклучува правата на детето на заштита од лошо постапување и занемарување, злоупотреба на droги, сексуални, економски и други форми на експлоатација, заштита на децата во вооружени конфликти.

---

3 Прирачник за постапување со децата-жртви на трговија со деца, 2014 Процедури за постапување со дете - жртва | UNICEF Северна Македонија.

4 Конвенција за правата на детето, 1989 Конвенција за правата на детето | UNICEF Северна Македонија.

Правото на детето на заштита од киднапирање и трговија со луѓе припаѓа на наведената група на права. Тоа е регулирано со член 35 од Конвенцијата со кој е предвидено: «државите членки да ги преземат сите национални, билатерални и мултилатерални мерки за спречување на продажбата, киднапирањето или трговијата со деца за било каква намена или во било која форма". Ваквата широко поставена норма го препознава постоењето на проблемот со трговијата со деца, но не ги определува јасно обврските на државата со цел спречување и борба против трговијата со деца.

Како резултат на тоа во мај 2000 година, во ООН беа усвоени два дополнителни протоколи:

**1) Опционен протокол кон Конвенцијата за правата на детето, за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија.**

Напорите во сферата на меѓународното право да ја дефинираат трговијата со луѓе колку што е можно пошироко и сеопфатно и да најдат вистински одговори на зголемената улога на организираниот криминал во оваа област доведоа до усвојување на

**2) Факултативен протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување за трговија со луѓе, особено жени и деца**[5]. Овој Протокол ја надополнува Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и посебно ја нагласува важноста од развивање на ефективна законска рамка, соодветни услуги и процедури.

Северна Македонија на 12 декември 2000-та година, во Палермо, ја потпиша Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал со Протоколите донесени од страна на Обединетите Нации, со што «беше потврдена подготвеноста на Државата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал, преку зајакнување на меѓународната соработка и владеење на правото».

Меѓународната организација за труд ја усвои **Конвенцијата за забрана и итно дејствување за елиминација на најлошите форми на детски труд во 1999 година** заедно со дополнителната препорака во која се вели дека трговијата со деца е неприфатлива пракса во сите земји, без оглед на нивниот степен на развој. Трговијата со деца е означена како практика слична на ропството што спаѓа во категоријата принудна работа. Во однос на трговијата со деца, тие ситуации се земени во предвид, кои традиционално се дефинираат како експлоатација на детскиот труд (домаќинство, работа во земјоделството, индустријата, трговијата и услужната индустрија), како и незаконски или криминални активности за кои се злоупотребуваат децата жртви како што се криумчарење на дрога, проституција и детска порнографија. Терминот «најлоши форми на детски труд» го опфаќа следното: «Сите форми на ропство или практики слични на ропство, како што се продажба и трговија со деца, должничко ропство и принудна или задолжителна работа».

---

5 Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување за трговија со луѓе, особено жени и деца, 2000 www.justice.gov.mk

**Европска унија и Советот на Европската Унија во 2011 година ја усвоија и Директивата за превенција и борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите со која се менува претходната Рамковна одлука на Советот**. Со овој сеопфатен документ од државите членки на ЕУ и кандидати за членство се бара да се инкриминираат сите видови на трговија со луѓе и остро да се казнат сторителите на овој организиран криминал. Исто така истрагите и процесирањето на случаевите не треба да зависи од сведочењето на жртвите. Помошта и поддршката на жртвите од друга страна не треба да зависи од нивното прифаќање за соработка со органите на прогонот, а треба да се обезбеди дека жртвите нема да се гонат за кривичните делата за кои биле принудени да ги сторат. Понатаму, од државите се бараат мерки за да се спречи секундарната виктимизација во текот на судскиот процес како и воспоставување на институт на национален известувач или еквивалентен институт кој би се занимавал со мерките на државата против трговијата со луѓе, вклучувајќи и мерење на резултатите и соборање на податоците.

**Директивата на Европската Унија (ЕУ) за обештетување на жртвите од насилен криминал ги обврзува потписничките страни да ги обештетат жртвите од намерни и насилни кривични дела извршени на територијата на засегнатата држава без разлика на националноста на жртвата.**[6] И покрај фактот што таа не е директно применлива, во неа се бара државите-потписнички да воспостават законски основи и потребни административни методи за оперативност на компензирачките шеми и одредби. За да може обештетувањето на жртвата да се исплати од јавните фондови, Директивата бара кривичните дела да се: намерни насилни кривични дела извршени на територијата на засегнатата држава без разлика на националноста на жртвата.

**Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа од 2005 година**, која стапи во сила на 1 февруари 2008 година, има за цел: да се спречи трговијата со луѓе, да се заштитат жртвите на трговијата со луѓе, да се казнат сторителите и да се унапреди координацијата на националните активности и меѓународната соработка на овој план.

**Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Совет на Европа од 2014** (Истанбулска конвенција) во чл.47 бара криминализирање на два вида на однесување: 1) принудување на лице да стапи во брак и 2) намамување лице во трета земја со оваа цел, дури и ако бракот не е склучен. Основниот елемент на присилниот брак е отсуството на согласност на жртвата поради употреба на физичка сила или психолошки притисок каде што се применува принуда или принудување.

Во Северна Македонија не постои дефинирано дело принуден брак во Кривичниот законик, туку делумно се решава преку кривичното дело трговија со луѓе (член 418-а) и трговија со деца (член 418-г). Членот 196 од Кривичниот законик го криминализира овозможувањето на недозволени бракови, а членот 197 го криминализира соживотот на возрасен со малолетно лице, а исто така го инкриминира секој родител или старател кој тоа го дозволува.

---

6 Директива на Европската Унија (ЕУ) за обештетување на жртвите од насилен криминал ги обврзува потписничките страни да ги обештетат жртвите од намерни и насилни кривични дела извршени на територијата на засегнатата држава без разлика на националноста на жртвата, 2004/80/EC Directive - 2004/80 - EN - EUR-Lex (europa.eu)

Извештајот на ГРЕВИО за 2022-23 забележува дека општото кривично дело трговија со луѓе не ги опфаќа сите форми и аспекти на принуден брак. Затоа ГРЕВИО смета дека се потребни законски мерки за да се осигура дека сите форми на принуден брак се криминализирани.[7]

Сексуалната експлоатација и сексуалната злоупотреба на децата може да се случи дома, во училиште, за време на дополнителните наставни активности, на улица, преку телефон, преку веб-камера или воопшто на интернет. Во повеќето случаи (70 до 85%) тоа е нанесено од некој што детето го познава, во нивниот круг на доверба и предизвикува доживотно оштетување на физичкото и менталното здравје на детето. Во 90% од случаите, сексуалното насилство не се пријавени во полиција.

За да се спречат овие злосторства, да се гонат сторителите и да се заштитат жртвите, општеството како целина Советот на Европа ја донесе **Конвенцијата за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба**, позната и како „Конвенција Ланзароте„. Северна Македонија ја ратификуваше истата во октомври 2010 година. Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба бара криминализирање на сите видови сексуални престапи против децата. Таа утврдува дека државите во Европа и пошироко ќе усвојат посебни закони и ќе преземат мерки за спречување на сексуалното насилство, за заштита на децата-жртви и за кривично гонење на сторителите.

Следењето на ефикасната примена на Конвенцијата Ланзароте е од страна на формираниот Комитетот на Ланзароте (т.е., Комитетот на страните на Конвенцијата Ланзароте). Комитетот е исто така задолжен за идентификување на добри практики, особено за време на активностите за градење капацитети (студиски посети, конференции итн.).

Во овој контекст, меѓу многу други активности, Комитетот на министри на Советот на Европа во 2015 година го формираше Европскиот ден за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, 18 ноември, како продолжение на кампањата ЕДЕН во ПЕТ за запирање на сексуалното насилство против децата.

Секоја година, Советот на Европа ги поканува своите партнери да се фокусираат на одредена тема по повод Европскиот ден. Изданието на Европскиот ден за 2023 година се фокусира на „Учењето од жртвите и преживеаните од сексуалното насилство во детството за да инспирира промена на политиката".

Членот 4 од **Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи** на Советот на Европа го забранува ропството и принудната работа без исклучок.[8] Членот 4 исто така им наметнува позитивна обврска на државите-потписнички

---

[7] Извештајот произлегува од првата (основна) процедура за евалуација спроведена во однос на Северна Македонија ГРЕВИО/Inf (2023)5 и се однесува на Истанбулската конвенција Извештај Северна Македонија.

[8] Член 4 на Конвенцијата – Забрана на ропство и принудна работа „1. Никој не смее да биде држан во ропство или во ропска зависност. 2. Никој не смее да биде присилен да врши принудна или задолжителна работа. 3. Во смисла на овој член, за „принудна или задолжителна работа" нема да се смета: (а) секоја работа која нормално се бара од лицата кои се наоѓаат во затвор под услови предвидени во член 5 од оваа Конвенција или за време на условниот отпуст; (б) секоја служба која има воен карактер или некоја друга служба наместо задолжително служење на воениот рок, кога се работи за лица кои се повикале на приговор на совеста во оние земји во кои тоа е предвидено со закон; (в) секоја служба која се наложува во случај на опасност или несреќа, што го загрозува животот и благосостојбата на заедницата; (г) секоја работа или служба кои се составен дел на вообичаените граѓански обврски."

на Конвенцијата да ги штитат сите лица на своја територија од трговците на луѓе согласно судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Во случајот Siliadin против Франција Судот утврдил дека жалителката, петнаесетгодишно девојче од Того, било трудово ескплоатирано и држено во прислужништво, без слобода на движење и присилено да работи без адекватна награда за трудот.[9]

Во случајот V.C.L. и A.N. против Обединетото кралство[10] Судот утврдил дека државата не ја исполнила својата обврска за заштита на малолетни лица од кривичен прогон кога постои кредибилно сомнение дека тие се жртви на трговија со луѓе.

## 3.2 Национално законодавство

Северна Македонија има преземено бројни законски решенија и различни мерки во однос на заштитата на децата. Одредби кои се однесуваат на децата и нивната заштита се втемелени во повеќе закони. Подолу се споменати постоечките позитивни законски решенија кои ги заштитуваат правата на децата и обезбедуваат заштита од секаков вид на експлоатација.

Со цел заштита на децата на улица во **Законот за социјална заштита**[11], членот 83 во услугите за привремен престој обезбедува заштита и стручна помош на лица/деца кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Корисници на услугата се: дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово-базирано насилство, жртви на трговија со луѓе, бездомници. Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување за уште три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година. На корисниците на оваа услуга им се обезбедува лична хигиена, исхрана, воспитно - едукативни услуги, советодавна работа, културно - забавни и рекреативни активности. Исто така согласно Законот за социјална заштита од 2019 година се обезбедува услуга за привремен престој на жртвите на трговија со луѓе во Центарот за жртви на трговија со луѓе од 3 месеци до 1 година (член 83), интервентно згрижување за деца жртви на трговија со луѓе до 30 дена (член 92) и право на здравствена нега (член 66).

Согласно чл.9 од  Законот за заштита на децата од 2010 год. Се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата(детска порнографија, детска проституција)насилно подведување, продажба или трговија со деца, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови експлоатација, искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат нивните основни човекови права.

Забраната на трговијата со деца е пропишана во член 418-г од Кривичниот законик: Според него трговијата со деца претставува: врбување, превезување, пренесување, засолнување или прифаќање на детето заради негово **експлоатирање**. **Исто така во чл. 418**-трговија со дете (член 418-г) со кое се предвидува казна во траење од најмалку осум години затвор за секој кој што врбува, превезува, пренесува, купува,

9 К. Скриванкова и др. Извештај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација од 2017 година, стр. 20.
10 Жалба бр. 77587/12 и 74603/12.
11 Законот за социјална заштита од 2019 година.

продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело. Во 2014 година кривичното дело трговија со луѓе од член 418-а се дополни со нови форми на трговија со луѓе кои законодавецот ги препознава како проблем за кој институциите треба да преземат специфични мерки за идентификување и справување со "питачењето или експлоатација заради забранета активност со закон." Постоечката одредба покрај целите за трговија со луѓе предвидени со Протоколот на ООН, вклучува и други цели како на пример, вклучување на лица во снимање на порнографија, присилен брак и присилна бременост. Истовремено во **Кривичниот законик** на СМ е имплементирана една од клучните придобивки со воведување на начелото на неказнување на жртвите на трговија со луѓе/деца во кривичното законодавство на Северна Македонија. Имено, со измените на овој закон предвидена е изречна одредба за неказнување на жртвите на кривичното дело трговија со луѓе (член 418-а, став 7) и кривичното дело трговија со деца (член 418-г, став 8). Суштината на ова начело/одредба е дека опфаќа неказнување, заштита од кривично гонење и од притварање на жртвите. Новите одредби ќе овозможат поефикасна идентификација, помош и поддршка на жртвите, кои во голем број случаи, со оглед на состојбата во која се наоѓаат, се принудувани од страна на трговците и самите да вршат други казниви дела. Примената на начелото на неказнивост ќе ги охрабри жртвите да соработуваат со органите на прогонот во откривањето и казнувањето на сторителите.

**Законот за семејството** на СМ од 2014 година[12] предвидува повеќе мерки за заштита на децата, па така во делот за надзор над вршење на родителското право, во Членот 90 е наведено дека на родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од ЦСР, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка. Законодавецот во овој член ги дефинира видовите злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности. Во смисла на ставот 1 од овој член, за злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности ќе се смета ако родителот: спроведува физичко или емоционално насилство над детето; полово го искористува детето; го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст; му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции; го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење; го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија; го напуштил детето и подолго од три месеца не се грижи за детето и ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

Во овој Закон исто така е регулиран начин за склучување на бракови, каде се регулира можноста да се склучи брак и со малолетно лице под 18 годишна возраст само со дозвола на родител, старател и надлежен суд. Според овој закон не може да склучи брак лице кое не наполнило 18 години од животот. Надлежниот суд може, во вонпроцесна постапка, да дозволи склучување на брак на лице кое наполнило 16 години од животот ако утврди дека тоа достигнало телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во бракот, а по

12 Законот за семејството од 2014 година.

претходно прибавено мислење од здравствена установа и укажана стручна помош во ЦСР.

Измените на овој закон од 2014 год. особено се значајни за децата на улица, бидејќи во видовите на злоупотреба е вклучено и питачењето на детето, но исто така има предвидено построги санкции за родителите. Па така во член 91 е предвидено дека ЦСР е должен да поведе постапка за одземање на родителското право кога на кој и да било начин, ќе дознае дека за тоа постојат причини утврдени со овој закон.

Во однос на правата на децата на образование **Законот за основно образование од 2008 година**[13] и Законот за средно образование од 1995 година[14] предвидуваат дека секое дете има право на основно и средно образование. Основното и средното образование е бесплатно и задолжително. На деца кои се наоѓаат на улица истото право им е оневозможено, поради тоа за нивно вклучување преземаат мерки ЦСР со обезбедување на бесплатните учебници и бесплатен превоз, стимулирајќи го нивното вклучување во образовниот процес во рамки на трите дневни центри за деца во ризик (деца на  улица). Еден од дневните центри е дел од организациона единица на ЦСР Скопје додека другите два се со склучен договор со лиценциран давател на услуги – НВО, кои исто така се наоѓаат во Скопје и се поддржани од МТСП.

Со цел координиран пристап во постапувањето со овие деца изработен е и усвоен од Влада на Република Северна Македонија во 2022 година "Протокол за меѓу-секторска соработка постапување со деца на улица"[15].

**Закон за правда за децата од 2013 година**[16] кој има за цел остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Северна Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Северна Македонија (член 2).

Овој закон е од исклучителна важност за децата на улица, дотолку повеќе што со овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казнив (член 1).

**Новиот Закон за правда за децата е усвоен на 13 март 2024** година и објавен во Службен весник. Внесување на проценката на најдобриот интерес на детето во сите фази на постапките е главната новина во Законот. Тој предвидува повисоко ниво на заштита на деца жртви и сведоци во постапката и пристап до определени

[13] Закон за основното образование од 2008 година достапно на www.mon.gov.mk
[14] Закон за средното образование од 1995 година достапно на www.mtsp.gov.mk
[15] Протокол за меѓу секторска соработка постапување со деца на улица www.mtsp.gov.mk
[16] Закон за правда за децата од 2013 година.

права, вклучително и поддршка и пристап до правна и здравствена помош, кога е тоа неопходно за водење кривична постапка.

Принудната работа е забранета со **Уставот на Северна Македонија** (член 11).[17] Во законските одредби јасно е поставена рамката определување на возраста и условите за работа на децата. Така во **Законот за работни односи** од 2005 година[18] е поставена минимална трудова возраст за деца, и тоа 15 години. На децата кои се на возраст од 14 години им е дозволено да работат како приправници на обука или како дел од официјалната образовна програма. Договор за вработување може да склучи лице кое е над 15 години до 18 години возраст и кое има општа здравствена способност (член 18). Се забранува работа за оние деца кои се под 15 годишна возраст или не завршиле задолжително образование, освен за учество во активности кои со закон е утврдено дека може да ги извршува, но не подолго од четири часа дневно. Исто така државата предвидела заштита на децата, односно дека *"Работодавачот е должен да обезбеди заштита на младите лица од економска експлоатација и од каква било работа која може да има штетно влијание врз нивната безбедност, здравјето, физичкиот, менталниот, моралниот или социјалниот развој или истата може да го загрози нивното образование"*. За децата кои се помлади од 15 години може, со плаќање на надоместок, по исклучок да учествуваат во активности кои по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието, и тоа: учество во културни и уметнички активности, спортски настани и рекламни активности. Законски е определена и возраста на децата односно *"како младо лице се смета секое лице кое може да склучи договор за вработување, кое има најмалку 15 години возраст, а под 18 години возраст и кое не е опфатено во задолжително образование, за извршување на работи кои не се штетни по неговото здравје и безбедност"*.

Во однос на работните часови, предвидено е дека максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст под 16 години е 30 часа неделно и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено. Дополнително е предвидено дека работното време на младо лице не смее да надмине осум часа во период од 24 часа. За да се избегне експлоатацијата на децата, државата предвидела дека "работодавачот не смее да го користи методот на награда со цел за зголемување на обемот на работа при што би се загрозила безбедноста и здравјето на младото лице".

На 16 ноември 2022 год. донесен е **"Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство"**[19]. Со овој закон се уредува правото на паричен надоместок, видовите паричен надоместок, основањето, статусот и составот на Комисија за надоместок на жртвите на дела со насилство. Законот им овозможува на возрасните и децата жртви на сериозни кривични дела, на пример, трговија со луѓе, семејно насилство, родово и сексуално насилство, да бидат обесштетени од државата, врз основа на солидарност, под услов делото да биде пријавено во полиција или јавно обвинителство. Максималниот износ на надоместокот е 5.000 евра.

---

17 Устав на Северна Македонија од 1991 година.

18 Закон за работни односи од 2005 година достапно на www.mtsp.gov.mk

19 Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство од 2022 година достапно на www.justice.gov.mk

Жртвите според овој закон имаат право да бидат целосно информирани за нивните права и постапката за добивање на надомест, да добиваат информации на јазик што го разбираат, да уживаат заштита на личните податоци и да ја обжалат одлуката за надомест на штета. Комисијата, спомената погоре, предвидува формирање на Комисија за надоместок на жртви, која ќе одлучува во прв степен за добивање на надоместок и неговата висина.

## 3.3 Институционални механизми и стратешки документи

**Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (НКБТЛИМ)** е тело кое ги координира сите одговорни институции во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција. Во нејзини рамки од 2003 година функционира **Подгрупа за борба против трговија со деца жртви на трговија со луѓе (Подгрупа)** која иницира и предлага политики, мерки и активности за заштита на децата од овој организиран криминал.

Во НКБТЛИМ и Подгрупата членуваат стручни лица одговорни за иницирање и креирање политики поврзани со спроведувањето на меѓународните стандарди и националните закони и потреби на оваа целна група.

**Единицата за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (ЕСКМТЛ)** е формирана во рамки на Министерството за внатрешни работи (МВР), а нејзина основна задача е откривање и гонење на сторителите на кривични дела на трговија со луѓе и криумчарење мигранти, вклучувајќи и трговија со деца. Полициските службеници од ЕСКМТЛ се дел од **Таск форс групата[20] во која учествува со свој претставник и јавното обвинителство**. **Членовите на оваа група** учествуваат во размена на информации и податоци со слични единици во МВР во земјите од регионот.

**Министерство за труд и социјална политика (МТСП), во Секторот за еднакви можности воспоставен е Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе вклучувајќи и трговија со деца (НМУ)**. Основна задача на НМУ е координирање на потребните иницијативи и активности со Центрите за социјална работа (ЦСР) кои имаат надлежности во целиот процес со постапување почнувајќи од идентификација, упатување, заштита и ресоцијализација на луѓе/деца жртви на трговија со луѓе.

### Центар за лица жртви на трговијата со луѓе

Согласно Законот за социјална заштита отворен е Центар за жртви на трговија со луѓе под надлежност на МТСП. Психосоцијалната поддршка и подготовка за ресоцијализација и реинтеграција на жртвите како и нивно застапување пред надлежен суд го прави НВО „Отворена порта“ која е лиценцирана за оваа услуга и има потпишано Меморандум за соработка со МТСП. Во Центарот се сместуваат жртвите на трговијата со луѓе, домашни државјанки и странски жртви кои имаат добиено дозвола за привремен престој. Сместувачкиот капацитет на Центарот е за 6 возрасни и деца од женски пол.

[20] Национална единицата за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ).

**Прифатен центар за странци**

Се работи за објект во сопственост на Владата на Северна Македонија управуван од Министерството за внатрешни работи/Сектор за гранични работи, наменет за сместување на странски државјани, потенцијални жртви и жртви на трговијата со луѓе и илегалните мигранти. Во Прифатниот центар за странци на лицата, стручниот тим им обезбедува: сместување, медицинска помош и заштита, правни совети и застапување и психосоцијална поддршка, како и услуги за враќање (репатријација) и реинтеграција.

**Оперативен тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивниот статус**

Оперативниот тим е формиран со Одлука и Решение за формирање донесено од страна на НКБТЛИМ. Задача на Оперативниот тим е да ги координира и следи случаевите на трговија со луѓе и врз основа на спецификите на кривично-правниот настан да го дефинира статусот на лицата/децата и да изврши формална идентификација на жртвите.

**Државен трудов инспекторат (ДИТ)** според надлежностите има голема улога во идентификација на деца кои се трудово експлоатирани. Според структуралната поставеност, во државата постојат повеќе од 110 трудови инспектори кои се одговорни за сите 38 прекршоци од областа на трудовото право, вклучувајќи го и детскиот труд. Во рамки на нивните работни задолженија, трудовите инспектори се овластени да вршат најмалку 60 инспекции месечно и најмалку еднаш годишно за бизнисите во следниве сектори: индустрија, земјоделство, трговија, градежништво, шумарство, транспорт, комуналните услуги, занаетчиство, хотели и ресторани, училишта и универзитети, работилници и лаборатории кои се користа за професионална пракса. Меѓународната организација на Трудот упати охрабрување до владата да се прошири опсегот и да се зајакнат капацитетите на инспекциските служби за подобро да ја следат работата на децата кои работат во неформалниот сектор во однос на почитување на законските норми од страна на нивните работодавци.

Поради подобрување на идентификацијата преку теренски посети на локално ниво, од страна на МТСП се формираа и **Мобилни тимови за идентификација на ранливи категории**, вклучително и жртви на трговија со луѓе. Мобилните тимови се составени од инспектори за трговија со луѓе од МВР, социјални работници од ЦСР како и претставници на граѓански организации. Поддршката од граѓанските организации и нивното учество во мобилните тимови е уредена согласно Решение на МТСП за воспоставување на мобилни тимови за идентификација на ранливите категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе од 05 февруари 2018 година. Функционирањето на овие мобилни тимови е според Програма донесена од МТСП и МВР со поддршка на Меѓународната организација за миграции (ИОМ).

**Национална стратегија и Национален акциски план за спречување и заштита од трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 година**

Националната Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (НС) со Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

2021-2025 (НАП) и **Акцискиот план за борба против трговија со деца**, како интегрален дел на националната стратегија, донесени се во 2021 година од Владата на Република Северна Македонија на предлог на НКБТЛИМ. Во нив се обединуваат сите релевантни институции и други засегнати страни, меѓународни партнери и здруженија на граѓани во решавање на предизвиците со трговијата со луѓе, преку мулти-институционален пристап, дефинирајќи ги нивните улоги и одговорности. Пристапот е насочен кон жртвата на трговија со луѓе, независно дали е жена, маж, момче или девојче, целејќи да биде навремено препознаена, идентификувана, и заштитена согласно меѓународните стандарди.

Во однос на формите/видовите на експлоатација во НАП 2021-2025, се констатира дека во најголем дел се работи за сексуална експлоатација, која најчесто се врши во угостителски објекти и ноќни клубови во западниот дел од земјата, потоа трудовата експлоатација која се врши преку присилна работа во угостителските објекти, комбинирана со сексуална експлоатација, и трудова експлоатација за потребите во земјоделието, сточарството и преку присилно питачење, како и присилните бракови како форма на експлоатација кои истовремено се комбинирани со сексуална и трудова експлоатација. Во однос на профилот на жртвите, се констатира дека најчесто се работи за женски деца од ранливите категории, кои станале жртви на трговија поттикнати од различни општествени, економски и социјални фактори, како: сиромаштијата, половата дискриминација, семејното насилство и други лични состојби на жртвата, како што е возраста, здравствената состојба, посебни потреби и сл. Иновативниот пристап во оваа Стратегијата и Акцискиот план за борба со трговијата со луѓе и илегална миграција 2021-2025, се однесува на делот во кој се идентификувани внатрешни и надворешни закани, меѓу кои е и состојбата со пандемијата на Ковид-19.

За операционализација на НАП, НКБТЛИМ има подготвено **Годишен Оперативен план** што ја олеснува работата при следење на динамиката на реализираните активности.

## Индикатори за идентификација на жртви/деца жртви на трговија со луѓе

Индикатори за идентификација на жртви/деца жртви на трговија со луѓе[21], служат како помошна алатка за квалитетна и навремена идентификација на жртвите, со која се овозможува побрзо и навремено идентификување на жртви на ТЛ и деца-жртви.

Децата жртви на трговија со луѓе за цели на трудова експлоатација работат: во сточарски фарми/бачила, земјоделие, салони за масажа, ноќни клубови, угостителски објекти, фабрики, погони, рудници, плантажи, итн. Најчести индикатори за препознавање се контролирано движење од страна на други лица, работа на несоодветни работи за нивната возраст, во несоодветни услови со поголем број часови, без паузи и слободно време, без почитување на законската регулатива. Тие се дисциплинираат преку физички/парични казни, имаат ограничени оброци и движење. Опремата и алатките не се прилагодени со  нив да работат деца. Жртвите изразуваат страв или вознемиреност, потчинети се и/или исплашени, имале закани дека ќе бидат пријавени на органите на власта.

21 http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/индикатори.

Децата жртви на трговија со луѓе за цел на питачење се на различна возраст, деца со пречки во развојот, непридружувани деца и деца мигранти најчесто имаат физички повреди кои може да се намерно предизвикани, упорно питачат без разлика на временските услови, постојано се набљудувани/контролирани на одредено растојание од други лица, принудени се да вршат кражби, доколку не добијат доволно пари од питањето, казнувани се доколку не „соберат" или украдат доволно пари. Живеат и патуваат заедно со возрасни кои не им се родители, голема група на деца кои имаат ист старател/придружник, Присилните бракови се препознаваат преку регрутирање на деца преку родители, роднини и други лица за „склучување брак" во странство, лажни ветување и измами за добар живот и удобност, правење на „свадби„ без присуство на момчето. Тие се подложни на повеќе видови експлоатација, особено сексуална експлоатација, питачење, вршење кражби, слугување, физичко и психичко насилство од страна на членовите на семејството.

# 4 Теоретско определување на проблемот

## 4.1 Видови на експлоатација на деца жртви на трговија со луѓе

Трговијата со деца е препознаена како најтежок криминал кој го загрозува растот и развојот на детето во неговиот најважен период од животот-детството. Одземајќи му го детството, го загрозува целокупниот развој на детето, неговото физичко и психичко зравје и претставува опасност по неговиот живот.

Целта на експлоатацијата е заработка преку искористување на детето преку сексуална експлоатација, злоупотреба на детскиот труд-трудова експлоатација, присилно питачење, присилен брак на малолетни девојки, нелегално посвојување на деца-бебиња, принуда на малолетници за вршење криминални дела, киднапирање на деца за отстранување и искористување на органи.

**Деца под ризик од трговија со луѓе**

Децата, заради нивната недоволна психофизичка и ментална зрелост, се ранлива категорија и лесно можат да станат жртви на овој криминал. Тие не се способни да проценат ризични ситуации и лоши намери на возрасни лица и да се заштитат. Лесно се манипулирани под присила, закана, принуда. Поради тоа, секое дете може да стане жртва на трговија со луѓе, но сепак, постојат категории деца кои се под висок ризик од трговија со луѓе. Тоа се деца од сиромашни семејства, дисфункционални семејства во кои постои насилство или некој порок, деца од ранливи семејства особено од ромските семејства, деца непридружувани мигранти, деца без родители и/или родителска грижа, деца згрижени во институција, деца без лични документи или фантоми, деца надвор од образовниот процес, деца на улица, деца со пречки во развојот. Неинформираноста за трговијата со луѓе и деца исто така претставува ризик фактор.

Некои семејства, најчесто ромските, ги принудуваат своите деца на питачење, или ги продаваат на други лица кои ги користат за питачење или работа на улица, а за што родителот добива дел од заработката на детето. Дел од семејствата ги продаваат своите малолетни ќерки за брак со постари лица во земјата или странство, од нив семејството добива пари. Малите невести потоа се експлоатираат трудово и сексуално од страна на „сопругот„ и неговото семејство. Некои од децата, кои не припаѓаат во некоја од овие категории, се измамени со ветување за подобар живот или подобра работа, подобро образование, решавање на финансиските проблеми во семејството. Верувајќи им на трговците, тие завршуваат како жртви на различен вид трговија со деца. Тоа се фактори кои ги прават децата ранливи на трговија со луѓе.

## 4.2 Опсег и тренд на трговијата со деца во Северна Македонија во период од пет години 2019-2023 година

| Од идентификуваните жртви на трговија со луѓе/деца | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Трудова | | Трудова / сексуална | | Трудова / питачење | | Питачење | | Присилни бракови | |
| | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни |
| 2019 | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | 2 | 1 |
| 2020 | / | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| 2021 | / | 39 | / | 2 | / | / | 1 | / | 4 | / |
| 2022 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5 | 1 |
| 2023 | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / | / | / |

*Табеларен приказ на бројот на деца жртви на трговија со деца 2019-2023*

Многу е тешко точно да се процени обемот на феноменот, бидејќи трговијата со деца е тесно поврзана со детскиот труд, принудна работа, присилни бракови меѓу малолетници, присилно питачење, киднапирање, иако овие феномени можат да постојат и независно од трговијата со луѓе. Од табелата погоре, во која е прикажан трендот на движење на бројот на деца жртви на три вида трговија со деца, се гледа дека најголем број од откриени жртви во последните 5 години се деца жртви на присилни малолетнички бракови (11), од кои во 2019 год. се откриени 2 деца, во 2021 откриени се 4 деца, а во 2022 год. 5 деца жртви на присилни малолетнички бракови. Бројот на деца жртви на питачење во овие 5 години е 3 деца, по 1 дете годишно, што секако на ја отсликува вистинската бројка на деца жртви на овој криминал. Бројот на деца жртви на трудова експлоатација откриени во овие пет години е уште поалармантен, откриено е само 1 дете и тоа во 2019 година.

**Детална анализа на бројот и видот на деца жртви и претпоставени жртви на трговија во период 2019-2023**

Во 2019 година откриени се 6 жртви од кои 4 се деца. Од нив 2 се деца жртви на присилен брак, едно дете е жртва на трудова експлоатација, 1 на трудова и сексуална. Истата година се откриени 124 претпоставени жртви (нема информација за видот на експлоатација). Во 2020 година, откриени се 7 жртви од кои 6 се деца. Од нив 1 е жртва на питачење, а 5 се жртви на сексуална експлоатација. Во 2021 година откриени се 48 жртви од кои 6 се деца, 4 се жртви на присилен малолетнички брак, 1 е жртва на питачење и 1 е жртва на сексуална експлоатација. Во 2022 година, откриени се 9 жртви од кои 7 се деца, 5 се жртви на присилен малолетнички брак, 1 е дете жртва на сексуална експлоатација и 1 е дете жртва на сајбер сексуална експлоатација. Откриени се и 13 претпоставени жртви од кои 8 се деца. Од нив 3 се жртви на питачење (едно момче), 1 е жртва на присилен малолетнички брак, 1 е жртва на сексуална експлоатација, 1 е странец илегален мигрант, за 2 нема информација за видот на експлоатација. Во 2023 година, откриени се 7 жртви од кои 6 се деца. Од нив 1 е жртва на питачење, 1 е жртва на трудова експлоатација, 1 е жртва на трудова експлоатација и питачење, а 4 деца се жртви на сексуална експлоатација.

Според извештајот добиен од Центарот за жртви на ТЛ, во текот на 2023 година биле прифатени и сместени 6 нови деца потенцијални жртви /жртви на трговија со луѓе и 5 имало сместено од претходни години. Сите се деца од женски пол. Една е странска државјанка, и 5 се домашни државјанки. Три од нив се сексуално експлоатирани и **3** се жртви/претпоставени жртви од присилен малолетнички брак. Дополнително во 2023 година, во Центарот престојувале 5 претпоставени жртви од претходните години. Четири се жртви/претпоставени жртви на присилен малолетнички брак, а 1 е жртва на комбинирана експлоатација принуден брак и питачење.[22]

Во 2023 година, откриени се и 9 претпоставени жртви, сите се деца, од кои 2 се странски државјани, 4 се претпоставени жртви на присилен малолетнички брак, 1 е претпоставена жртва на питачење, 2 се претпоставени жртви на сексуална експлоатација.

Во изминатите 2 и пол месеци од 2024 година, МВР нема информација за евидентирани или претпоставени жртви. Трендот на зголемување на бројот на деца жртви на ТЛ е забележан и во другите земји од регионот (на пример, Србија, БиХ). Тоа е нотирано на Регионалната Конференција организирана во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа *„Horizontal Facility II for the Western Balkans and Turkey - 2019-2022“*, оддржана во Белград во 2021 година, на тема **„Здружено дејствување во Западен Балкан за заштита на децата од трговија со луѓе и експлоатација“**. На Конференцијата било истакнато дека *„трговијата со деца во земјите од Западен Балкан. и покрај бројните правни и практични мерки преземени низ годините и понатаму е во пораст”.*[23] Присутните на Конференцијата ја потенцирале потребата од заедничка работа во зајакнување на капацитетите за превенција и борба против трговијата со деца и заштитата на правата на жртвите. Мерките против трговија со деца би било пожелно да бидат интегрирани во општиот систем за заштита на децата, со кој се опфаќаат социјалните, здравствените и образовните услуги.

### Трговија на деца со цел трудова експлоатација

Меѓу 2017 и 2020 година, само **три од вкупно 24 идентификувани жртви на трговија со луѓе биле жртви на трудова експлоатација. Од вкупниот број во извештајниот период 2019-2023, 1 дете е идентификувано како жртва на трудова експлоатација и 1 е жртва на трудова експлоатација и питачење.**[24] Малиот број идентификувани случаи на трудова експлоатација укажува на тоа дека сè уште доминираат други форми на експлоатација, како што е сексуалната експлоатација.

Во Упатството на ГРЕТА за спречување на трговијата со луѓе за трудова експлоатација,

[22] Извештај подготвен од одговорното лице во Центарот за жртви на трговија со луѓе.2023 Во Центарот за жртви на ТЛ,немаат информации од Оперативниот тим за тоа дали се идентификувани жртви, од тие причини неидентификуваните жртви згрижени во центарот ги водат како потенцијални жртви.

[23] Белград, 22-23 јуни, 2021 Регионална конференција.
Забелешка: Извештајот за ситуацијата на деца жртви на трговија во последните 10 години, немаше информации за експлоатација на деца жртви, односно дали се работи за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови.

[24] Според информацијата од МВР во 2024 година немаат одржана средба на Оперативниот тим сеуште, заради што и немаат информација за жртви на ТД/ТЛ во овие 3 месеци од 2024 год.

поимот *„трудова експлоатација"* во контекст на трговијата со луѓе, се користи за да се опфатат, најмалку, принудната работа или услуги, ропството или практики слични на ропството и слугување, поими кои се прифатени во меѓународното право, и во судската практика на Европскиот суд за човекови права во врска со членот 4 од ЕКЧП Конвенција за човекови права.

Особено, принудната или задолжителна работна сила е дефинирана во членот 2 (1) од Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот (МОТ) за заштита од принудна или задолжителна работа (бр. 29 од 1930 година) како *„секоја работа или услуга која се изнудува од некое лице под закана од каква било казна и за којашто наведеното лице не се пријавило доброволно"*.[25]

МОТ го дефинира детскиот труд како работа која ги лишува децата од нивната можност за детство и од нивното достоинство и кое е штетно за физичкиот и менталниот развој. Се однесува на работа која:

- е ментално, физички, социјално или морално опасна и штетна за деца; и
- се вмешува во нивниот образовен процес преку одземање на можноста да одат на училиште, односно тие се приморани да го напуштат училиштето пред време или да комбинираат помеѓу посетување на училиште со ексесивно долга и напорна работа.[26]

Истакнавме дека дефинирањето на трговијата со деца за трудова експлоатација е специфично и недоволно дефинирано. Во следните неколку реченици ќе се обидеме да го дефинираме поимот преку операционализацијата односно спроведување на активностите во пракса кои се реализираат во процесот на трудова експлоатација на детето а истовремено ќе ја олесни идентификацијата на детето како жртва на трудова експлоатација: *трговијата со деца за* ***трудова експлоатација*** *подразбира: принудна работа, услуги, слугување, активност која се одвива во несоодветно време, несоодветни услови, несоодветна на возраста, физичките можности и менталните способности на детето, штетна по развојот и здравјето на детето.*

[25] ГРЕТА, Упатство за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација (2020), стр. 4. Достапно на: http://rm.coe.int/guidance-note-on-preventing-and-combating-trafficking-in-humanbeings-/1680a1060

[26] Конвенциите 138 и 182 се основни конвенции. Ова значи дека дури и земјите членки, кои с` уште не ги ратификувале овие конвенции треба да ги почитуваат, промовираат и реализираат принципите на овие конвенции.

***Суад е дете на возраст од 11 години. Секој ден, на сонце или дожд ќе го видите на една од најпрометните улици во Скопје како со шише вода и сунѓер во рацете, трча по застанато возило и почнува да ги мие стаклата на возилото. Често добива погрдни зборови од сопственикот или повреди по рацете од вклучените бришачи, со кои сопственикот ја одбива услугата. Не добива пари, но тој продолжува и со второ, трето и ....возила. Од некои возачи, чии стакла се чисти, возачот го замолува да не ги мие, му плаќа иако не прифатил услуга, од жалење за ситуацијата на детето. Секој ден до доцна во ноќта работи на улица, некогаш се додека има поголем број на возила. На крајот од денот се враќа дома. Татко му ги брои парите, ако се недоволни го казнува со тоа што не му дава вечера. Прегладнет и премрзнат Суад легнува да спие и наутро, без појадок повторно излегува на улица.***

Дилемата е: дали случајот е само занемарување, злоупотреба на дете од страна на родител, или е трговија со дете за трудова експлоатација согласно легислативата?

Првото е сигурно присутно, детето е злоупотребувано и злоставувано од родителот, во случајот има индикатори и на трговија со дете, односно, возраста, работа во нехумани услови, работа во несоодветно време за лице на оваа возраст, изложеност на сериозна опасност по здравјето па и животот на детето работејќи на улица, но недостига информација дали детето е надгледувано од друго лице кое ги зема парите и/или е дел од група деца кои се надгледувани. Во овој вистинит случај, не е откриен надзор од друго возрасно лице.

За социјалните работници и претставници на граѓанските организации ова е случај на трговија со дете за трудова експлоатација, бидејќи ги надминува критериумите за злоставување на дете, за полицијата се работи за претпоставена жртва на трговија со дете за трудова експлоатација, а за судиите е само проблем на семејството во кое детето работејќи му помага на семејството.[27] По пријавување на случајот, судијата го затвара случајот како занемарување на дете. Ваквото постапување на судот е сериозен проблем, бидејќи отсуствуваат случаи за трговија со деца за питачење или трудова експлоатација во суд, а има се поголем број на деца кои питачат или работат на улица. Овој случај, упатува на потребата од преиспитување на проблемот со злоупотреба и злоставување на детето од страна на родителот и на потребата за дополнување/појаснување на дефиницијата на трговија со деца за трудова експлоатација, како и од градење капацитетите на судиите.

## Питачење

Питачењето е широко распространета појава, не само во Северна Македонија, туку и во регионот, па и пошироко. Владите, меѓународните организации и домашните НВО-а, работат ангажирано на сузбивање на појавата, но проблемот продолжува и нема доволно позитивни резултати. Се поставува прашањето каде е проблемот, што недостасува во борбата со овој феномен во кој страдаат милиони деца во светот.

27 Изјава на учесничка во фокус група.

***Мелиха е дете на 8 години. Била запишана во училиште пред една година, но пред 5 месеци мајката и забранила да оди на училиште. Во претходните година, таа заедно со мајка и и сестричката која е сеуште бебе, питала на неколку семафори. На семафорите ги носел таксист кој добивал пари на крајот од денот кога се враќале дома. Мајка и ја учела како да пита за да добие пари. Мајка и го дала бебето на друга жена со него да пита, бидејќи таа се жалела дека е многу болна. Со жената се пазарела колку пари очекува да добие секој ден. Мелиха почнала да пита сама. Се обидела да го прави тоа што ја научила мајка и, но не успевала да добие доволно пари. Бидејќи мајка и забранила да се враќа дома ако не „заработи„ најмалку 500 денари. Никогаш не успевала да заработи сума што ја очекувала мајка и. Кога се враќала дома, била казнувана и утредента и било продолжено времето на питање.[28]***

И овој случај, првиот дел од страна на судските органи останува во рамките на занемарување и злоставување на детето. Во овој случај, вториот дел – изнајмување на дете за питачење е јасен случај на трговија со дете за питачење.

Во извештајот на Јавен обвинител[29] „Облици на питачење„ се наведува дека во периодот 2009-2022 год., откриени се само 3 деца жртви на питачење и покрај големиот број на деца питачи, што укажува дека голем број деца жртви на трговија за питачење се темна бројка која е непрепознаена.

На Стручната средба за превенција и борба против трговијата со деца за питачење, во Сараево, било дискутирано за тоа дали трговијата со луѓе за питачење спаѓа во трговија со луѓе за трудова експлоатација или е посебна категорија на експлоатација. Во таа прилика претставниците од Северна Македонија истакнале дека **питачењето е посебен вид на експлоатација** регулирано во членот 418-г од Кривичен Законик со кој се забранува и казнува трговијата со деца.

**За да можат судиите правилно да го проценат случајот се препорачува обука на правосудните органи за да ги препознаат, односно разграничат кривичните дела запуштање и малтретирање на малолетно лице (член 201, став 1 и 2) и трговија со дете (член 418-г од Кривичниот законик).[30]**

### Присилен брак помеѓу малолетници

Заедница помеѓу 2 лица од кои едното или двете се на возраст под 16 години се нарекува малолетнички брак. Иако е неформален, за овие заедници се користи и терминот детски брак. Заедница меѓу малолетни лица е општествен феномен кој негативно влијае на младите кои сеуште се деца. Малолетнички брак присилен или не, претставува грубо кршење на човековите права (детски права) со кои се загрозува менталниот и физичкиот развој на малолетните деца. Особено негативно влијае врз животот на малолетните девојчиња, кои се физички и психички незрели

[28] Од извештајот на студентите: Работа со деца на улица (април, 2023).
[29] Облици на питачење, примери на питачење наведени од Јавен обвинител.
[30] Панел дискусија на Отворена порта:24 декември 2023 год.

и неподготвени за брак што често резултира со предвремено забременување, социјална изолација и семејно насилство.[31]

Малолетнички бракови носат ризик за појава на трговија со дете. Присилен брак помеѓу малолетници е заедница на деца до 18 години, создадена под присила на родител/ите или еднииот партнер, а без согласност на вториот партнер.

Според законот постојат 2 вида малолетнички бракови: првиот е брак меѓу малолетници (деца на возраст над 16 години), а вториот е меѓу деца под 16 год. Во првиот случај, бракот може да се склучи со дозвола на родителите. Вториот вид заедница на деца под 16 години според законот не е дозволен.

Иако постои мислење дека присилните бракови меѓу малолетници кај нас не се честа појава, сепак статистичките податоци од МВР за **трендот на движење на бројот на деца жртви на трговија со луѓе во Северна Македонија (2019-2023)**, покажуваат дека од целокупниот број евидентирани деца жртви на трговија, 11 се деца жртви на **присилни бракови**, што воопшто не е мал број, туку е значајно поголем од бројот на деца жртви на другите видови трговија со деца. Најголем број се деца припадници од ромската заедница. Дел од причините за тоа се: сиромаштија, традиција, недостатокот од образование, невработеност на родителите.

Во Северна Македонија, детските бракови претежно се склучуваат во ромската заедница. Во ромските населби, 45,1 отсто од жените на возраст од 20 до 24 години биле во брак пред 18-годишна возраст, споредено со 7,5 отсто во општата популација, според истражувањето со повеќе индикатори, спроведено во 2018-2019 година со поддршка од УНФПА и УНИЦЕФ. Истите податоци покажуваат дека 15,5 отсто од жените Ромки првпат биле омажени пред да наполнат 15 години, во споредба со 0,3 отсто од жените од други етникуми.

Постојат големи разлики кај различните етнички заедници во категоријата девојчиња на возраст од 15 до 19 години кои се во брак или живеат во заедница: - наспроти националната стапка која изнесува 4%, кај Македонците 2%, и кај Албанците 6%, стапката кај Ромите е 22%, - дополнително, стапката на млади жени на возраст од 15-19 години кои родиле или моментално се бремени на национално ниво е 3%, додека кај Ромите оваа стапка е 18%. Од нив во групата нај сиромашни, додека националниот просек е 5% кај Ромките е 25%, а во однос на завршено само основно образование, националниот просек е 12%, а кај жените Ромки 24%.[32]

Проблемот на малолетничките бракови, а уште помалку на малолетнички бракови како вид на трговија со деца, односно присилен брак, сè уште не е доволно актуелизиран во Северна Македонија. Институциите не располагаат со точни податоци за оваа појава, иако евидентно постои и на истиот често се гледа како дел од традицијата на Ромите мотивиран од сиромаштијата, социјалната исклученост и културните норми. Малолетниот партнер во детските бракови најчесто е од женски пол, што ја потврдува и продлабочува родовата нееднаквост, сиромаштијата и ниското ниво на образование кај жените.

---

[31] Н. Салиоска одорганизацијата „РОМА СОС – Прилеп" Сивата зона" помеѓу традицијата и правата на децата,2016 год.

[32] Mk-Roma Child Marriagies-2016.

## Дефиниција на малолетнички брак како вид на трговија со дете

Дефиницијата упатува на феномен кој е штетен за децата, за нивното физичко и психичко здравје, за прекинот на образованието, но не е секој малолетнички брак присилен брак и вид на трговија со деца.

*За да се идентификува како трговија со деца мора да постојат елементи на кривичното дело. Најпрвин, во бракот едното или двете лица да се малолетни, бракот да е склучен без согласност на едното или на двете лица, да е склучен под присила од семејството, од едниот партнер или други лица, да содржи елементи на различен вид  експлоатација кон едниот од партнерите.*

Државниот просветен инспекторат, иако е еден од најповиканите за проблемот, не секогаш ги препознаваат елементите на трговија со дете во присилните малолетнички бракови во кои постојат индикатори кои упатуваат на постоење кривично дело трговија со дете.

Се чини дека јавното обвинителство и судот не секогаш ја препознаваат трговијата со деца со цел присилен брак. Тоа се дел од причините заради кои дел од малолетничките бракови во кои постои трговија со дете за присилен брак не се соодветно процесирани од правосудниот систем.

***Во декември 2017 година, додека таткото на детето-жртва престојувал на територија на Северна Македонија, каде што вршел физичка работа, му пришол маж (второпријавениот) и побарал од него да му најде невеста од Албанија. Таткото на детето-жртва видел можност до заработи пари, и му покажал фотографија од малолетна ќерка. На второобвинетиот му се допаднала девојката, и се согласил да се ожени со неа за што таткото добил одредена сума на пари. Кога таткото на детето-жртва и ја покажал фотографија од идниот сопруг (второпријавениот) и и кажал дека таа треба  да се омажи за него, девојчето категорично одбило. Меѓутоа, таткото се вратил во Албанија и пријавил во матичната служба за пасош за детето-жртва, за што платил 200 евра, пари што му ги дал второ пријавениот. Кога пасошот бил готов, второпријавенит и други негови блиски луѓе заминале во Албанија за да се сретнат со неговата идна невеста. Второпријавениот преноќил во куќата на детето-жртва, а следниот ден, иако девојчето се противело на бракот, со автомобил била донесена во Северна Македонија, во куќата на идниот сопруг. На заминување татко и и се заканил дека ако се врати дома, тој ќе ја убие. Кога гостите си заминале, по мала свадбена церемонија, второпријавениот се обидел да го принуди детето-жртва на обљуба, а кога таа одбила, тој физички ја нападнал нанесувајќи и телесни повреди. Тепањето продолжило, на што таткото бил  сведок во многу прилики.***

***Таткото на детето-жртва добил неколку помали исплати кои изнесувале 1.000 евра за договорениот брак против волјата на детето-жртва. Сопругот веднаш и го одзел пасошот, а таа имала право да разговара со мајка си само од неговиот телефон. Со мајка си разговарала само еднаш, по што и било забрането, бидејќи нејзиниот сопруг бил убеден дека таа разговара со други мажи. Тие живееле сами и често биле посетувани од брат на второпријавениот, кој бил оженет и имал две полнолетни деца. Сопругот бил убеден дека таа флертува со синовите на неговиот брат, често и се заканувал, и таа претрпела физичко насилство. Во една прилика, татко и сакал да ја врати во Албанија, бидејќи ја видел со модринки на вратот, но му се заканувале дека и двајцата ќе бидат убиени ако ја земе или разговара со полиција.***

***Братот на второпријавениот дури го пријавил татко во полицијата, обвинувајќи го дека со сила сака да ја земе ќерка си. Случајот бил откриен кога девојката била повикана во Полициска станица, бидејќи и бил истечен 3-месечен престој. Случај бил пријавен од страна на полицијата до надлежен ЦСР. Детето-жртва тогаш имало 15 години. Таа била албанска државјанка, живеела со родителите во семејство со пет деца и не посетувала училиште. Таткото на детето-жртва, албански државјанин 47 год. работел во градежништво, со бројни претходни пресуди. Второобвинетиот бил македонски државјанин, со завршено основно образование, неженет, без претходни осуди, умерено добро ситуиран, кој во тоа време имал 33 години.***

***При проверките за сторителот било констатирано дека немал претходни осуди, но дека има пријави за физичко насилство врз странски државјанин кој бил малолетник.***[33]

Ова е типичен пример на присилен малолетнички брак, во кој едниот од партнерите е жртва на трговија со дете, склучен под присила на едната страна, во кој постои продажба, пренесување, продавање, купување и злоупотреба на немоќта на детето на кое му се прекршени сите детски права.

[33] UNODC, Analysis of cases of trafficking in human beings and child trafficking in the Republic of North Macedonia: Challenges for effective prosecution and sanctioning of perpetrators (2022).

# 5 Анализа на добиените резултати од истражувањето

Во истражувањето се обидуваме да ги дефинираме ризиците и факторите што допринесуваат за зголемување на трговијата со деца, начините на превенција со акцент на следните 3 вида: трговија со деца за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови.

**Анализата на одговорите во прашалникот** упатија на неколку заклучоци и препораки:

Сите учесници во истражувањето се стручни лица во областа на трговијата со луѓе, имаат доволно познавање за трговијата со луѓе. Сепак поголем дел од нив се изјаснија дека немаат доволно информации и познавање за трговијата со деца, особено со деца жртви на трговија за трудова експлоатација и присилни бракови. Истите одговорија дека имаат потреба од јакнење на капацитетите за трговија со деца, особено, за трговија со деца со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови, начините за препознавање на ризиците и начините на превенција, потребни се обуки целно насочени кон овие три вида трговија со деца.

Голем број од испитаниците ја истакнуваат потребата од обуки за судиите и обвинителите за препознавање на трговијата со деца како кривично дело и правење на разлика помеѓу питачење како трговија со деца и запоставување на детето или негово злоставување.

Истакната е потребата од ревидирање и дополнување на индикаторите за секој од овие 3 вида ТД, а особено потребата од индикатори за препознавање на децата претпоставени жртви на присилни бракови.

Исто така испитаниците го истакнаа како проблем недоволното и несоодветно казнување на родителите кои учествувале или самите го присилувале детето на питачење, работа на улица, или го присилиле детето на брак во кој детето е присилувано на питачење, слугување или продавање за сексуални услуги.

Во однос на соодветната примена на СОП, потребни се континуирани обуки, за обнова на знаењата за СОП процедурите и поефикасна примена на истите во идентификацијата, процесирање и заштитата на децата жртви на трговија, откривање на жртви на трговија меѓу непридружуваните деца мигранти. СОП-от содржи процедури и за казнување на трговците и обврските на судиите и обвинителите.

Потребни се измени и дополнувања на законодавството со кое се регулира трговијата со деца, заштитата на децата и поголеми затворски и парични казни

за сторителите, а особено е истакната потребата за дополнување на законската регулатива за работа и обврските на трудовите инспектори, измена на законот во кој ќе се овозможи трудовиот инспектор да ја препознае претпоставената жртва-дете, уште при обавување на првичниот разговор со деца при спроведување на инспекциски надзори.

Потребно е зголемување на капацитетот на Центарот за жртви на трговија, обезбедување сместување и на деца од машки пол.

Големиот број на деца на улица како сериозен проблем истакнат од голем број испитаници, ја наметна потребата и предлогот за отворање на Центри за деца на улица во Скопје и во другите поголеми градови каде има поголем број деца питачи.

Се предлага и зголемувањето на бројот на персонал во дневните центри за деца на улица и обезбедување на сигурна финансиска поддршка на истите од страна на државата.

### Анализа на одговорите од спроведеното интервју

Интервјуто, како квалитативна постапка, во ова истражување се користи за испитување на знаењето и перцепцијата на испитаниците за проблемот – трговија со деца за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови, нивните сознанија за трендот на зголемување или намалување на трговијата со деца за целните 3 вида. Акцент во интервјуто е ставен на откривање на **ризиците за појавата** и **начините на превенција** на истите. Во интервјуто учествуваа 19 испитаници од институции, меѓународни организации и од граѓански организации.

***Прво прашање: Според вашето мислење и лична перцепција бројот на деца жртви на трудова експлоатација ,питачење и присилни бракови се зголемува, останува ист или се намалува?***

### Трговијата со деца за трудова експлоатација

Според одговорите на дел од испитаниците, трудовата експлоатација на децата е присутна како комбинирана форма на експлоатација, забележана кај питачењето и присилните бракови. Трговијата со деца за трудова експлоатација е недоволно познат вид на трговија со деца и често работата на дете на улица, се смета како заработка на детето или помош на семејството. Недоволно е дефиниран овој вид на експлоатација и не се преземаат соодветни мерки кога ќе се пријави случај на дете кое работи во несоодветно време и во тешки и несоодветни услови, работа несоодветна на возраста и психо-физичката зрелост на детето, често и воопшто не се пријавува. Четворица од испитаниците (21,05%) изјавиле дека бројот на жртви на трговијата со деца за трудова експлоатација останува ист, а двајца (10,52%) испитаници сметаат дека бројот на овој вид експлоатација се намалува, додека останатите (68,42%), сметаат дека бројот на деца жртви од овој вид се зголемува.[34]

### Питачењето како вид на трговија со деца

Според одговорите во врска со питачењето како вид на трговија со деца повеќе од половина од испитаниците истакнаа дека бројот на деца питачи е во пораст, што

[34] На основа на поединечните одговори на интервјуираните.

е многу видливо по улиците низ поголемите градови во нашата држава, а особено во Скопје. Иако питачењето како вид експлоатација на деца е се поприсутно, мал е бројот на идентификувани деца питачи жртви на трговија со луѓе, изјавуваат скоро една третина (31,57%) од испитаниците.

И покрај големиот број и тенденцијата на зголемување на бројот на деца питачи, овој феномен се уште се смета како форма на запоставување на детето од страна на родителот, а не како вид на трговија со деца.

Причините зошто има мал број идентификувани деца жртви меѓу децата питачи е дека сеуште дел од професионалците сметаат дека питачењето е традицијата на Ромите. Следната причина е во тешкото обезбедување докази за едно дете да се идентификува како жртва на трговија. Како причина, испитаниците ја наведуваат и недовербата на судиите во доказите кои полицијата им ги доставува пријавувајќи дете питач жртва на трговија со луѓе. Можна причина за тоа е што судиите сметаат дека доказите кои полицијата ги доставува на судот се недоволни. Неколку од испитаниците како причина наведоа дека полицијата со недоверба ги прима пријавите за претпоставени жртви од граѓаните и граѓански организации. Од досегашните сознанија на членовите на мобилните тимови за идентификација на ранлива категорија на деца, и деца на улиците во Скопје идентификувани се 154 лица затекнати на местата каде се врши овој вид на експлоатација, од нив 112 биле деца. Значаен број на децата биле контролирани од возрасни лица, што е и еден од важните индикатори на питачење како вид на експлоатација - трговија со деца.

## Присилни малолетнички бракови

Тројца од испитаниците изјавија дека присилните бракови меѓу малолетници се во пораст, но бидејќи се тоа најчесто неформално склучени бракови за кои не постои евиденција, нивниот реален број е скриен и непознат. Уште помалку е познато кога по склучувањето на овие бракови се открива дали едниот од партнерите е изложен на различен вид експлоатација: сексуална, трудова експлоатација и/или питачење. Според исказот на претставници од НВО-а, бројот на деца жртви на принуден брак се зголемува. Тоа го покажуваат и податоците од последните 5 години во кои најголем број од идентификуваните деца се жртви на присилен брак (11). Во Центарот за жртви во 2023 година, од 5 згрижени деца, 4 биле претпоставени жртви/жртви на присилен брак. Истакнуваат дека се зголемува бројот на претпоставени деца жртви на трговија со деца, а возраста на децата се намалува и се движи од 13 до 15 години.

Претставничката на УНИЦЕФ, госпоѓа Ди Џовани, на Меѓународниот ден на жената, изјави дека, иако во последната деценија детските бракови во Северна Македонија значително се намалени, тие и понатаму претставуваат проблем за девојчињата во Северна Македонија.[35]

Се истакнува дека особено тешко се откриваат децата жртви на овој вид експлоатација, особено оние кои склучиле брак во странство, и често се открива експлоатацијата на дете во присилните бракови од страна на полицијата или по пријава на родителите на малолетната невеста. По „склучување на бракот„ децата се експлоатирани преку домашно слугување, питачење, а често се продавани на 3-ти лица за сексуална експлоатација.

---

[35] Дневен весник Вечер, 9 и 10 март 2024 год.

***На второто прашање, се бараше од испитаниците кои сметаат дека бројот деца на било кој од овие 3 вида ТД , се зголемува, да ги наведат причините***

Најголем број испитаници како најчести причини за сите 3 вида ТД, ги наведоа сиромашните и/или дисфункционалните семејства, намален родителски капацитет, ранливост на одредени групи на деца, недоволна контрола од страна на инспекторите од трудов инспекторат, влијание на традицијата на заедниците од каде доаѓаат децата (питачи), благи казни или неказнување на сторителите, недостаток на центри за деца на улица, невработеност на родителите.

***Според Вас, кои се ризиците за зголемување на трговијата со деца во нашата земја, со акцент на целните 3 вида трговија со деца***

Сите наведени причини за трговија со деца претставуваат сериозен проблем и предизвикуваат ризици кои имаат трајно влијание на децата и нивното физичко, емоционално, ментално здравје и социјалната благосостојба.

Некои од ризиците веќе се содржани и во дел од наведените причини за појавата на целните видови на трговија со деца, но бројот на ризици е многу поголем, сметаат испитаниците.

Меѓу најчестите **ризици** кои се наброени од најголем број од испитаниците се наведуваат следните:

- Ненавремено пријавување на злоупотреба на дете претпоставена жртва на трговија со деца, од страна на одговорните институции, непроследување на случаите со децата жртви на трговија со деца за овие 3 вида експлоатација од страна на ОЈО.
- Нефункционалност на системите за заштита на жртвите и гонење на сторителите, недоволни капацитети и ресурси на институциите, недоволен број на стручен кадар во ЦСР и во други институции, ненавремено реагирање на одговорните институциите.
- Прекинување на образовниот процес, или невклучување во образованието што претставува ризик не само од трговија со деца туку и уништување на можности за подобрување на нивниот живот и креирање на можности за иднината.
- Неинформираност на децата (од сите возрасни групи) за трговија со деца и за овие 3 вида експлоатација и ризиците на кои се изложени.
- Недоволно познавање на проблемот со трговија со деца од страна на општата јавност и недоволно анимирање на јавноста на оваа тема.
- Недоволно ефикасни мерки-неказнување на родителите кои ги злоупотребуваат своите деца.
- Благи казни или ослободителни пресуди за сторителите/трговците со деца за различен вид експлоатација на дете. На пример, на пријава на случај на дете жртва на трговија за питачење од МВР, надлежното обвинителство го преиначува во занемарување од страна на родителот, а на крајот случајот завршува со ослободување од обвинение.
- Недоволна меѓу-институционална соработка и соработка со граѓанскиот сектор за борба против трговијата со деца.

- Недоволни капацитети и несоодветни системи за реинтеграција на децата жртви на трговија по напуштањето на Центарот за жртви, како и неподготвеност на училиштата за прифаќање на овие деца и вклопување во средината.
- Неподготвеност на семејствата за прифаќање и помош на нивните деца по враќањето.
- Неизградени системи во државата, за соодветна помош на децата и на загрозените ризични семејства.
- Недоволна институционална заштита (несоодветна и недоволна реакција на одговорните институции).
- Дискриминација и недоволна инклузија на децата Роми, недоволна вклученост во образованието, сиромаштија на ромските семејства.
- Ранливоста на непридружуваните деца мигранти. Ризик за овие деца се возрасни лица кои се преставуваат како нивни придружници.
- Во руралните подрачја, особено оние во кои женските деца не се образуваат, како на пример, семејства во села во општина Радовиш каде живеат Турци Јуруци, кои девојчињата ги мажат малолетни (под 16 год.) без согласност на детето, се случува малолетните невести да бидат трудово експлоатирани од семејството на мажот во земјоделие или ги изнајмуваат за слугување во семејства во градот.

***Како да се превенираат ризиците и да се заштитат децата?***

Најголем број од испитаниците се согласија околу следните **превентивни мерки**:

- Навремено реагирање на пристигнатите пријави за злоупотреба на дете и на можноста детето да е претпоставена жртва, особено жртва на трговија со деца со цел трудова експлоатација.
- Зајакнување на капацитетите и ресурсите на сите институции кои имаат удел во разрешувањето на овие кривични дела. Зајакнување со професионалци и нивно континуирано збогатување на знаењата во склад со промените во областа.
- Обука на персоналот во градинките за анимирање на децата од предучилишна возраст за опасностите од измама и киднапирање и потоа продавање на детето за питачење.
- Континуирани обуки во училиштата (за вработените и ученици, но и за родителите) за ризиците од трговија со деца за овие 3 вида експлоатација.
- Организирање на медиумски кампањи за подигање на свеста на јавноста за препознавање на ризиците од трговија со деца за овие 3 вида експлоатација и начините на превенција на истите.
- Промени во казнената политика, зголемување на казните за сторителите, одземање на имотот, повисоки затворски казни и други поригорозни мерки во казненото законодавство.
- Зајакнување на меѓу-институционалната соработка и соработката со граѓанскиот сектор, во превенцијата на трговијата со деца, спроведување на заеднички превентивни програми.
- Организирање на заеднички обуки на персоналот од институциите како што се инспекторите (просветни и трудови), воспитувачите, наставниците, социјалните работници, судии, обвинители, претставници од граѓански организации, лекари за ризиците и начините на превенција на трговија со

деца со цел трудова експлоатација.

- Рехабилитацијата и реинтеграцијата на децата жртви по напуштање на Центарот за жртви, како најважни процеси во оздравувањето на децата, се постигнува со организирање на заедничка активност на ЦСР, ЦЖ, МВР, училиштето и семејството. Рехабилитацијата на момчињата жртви на трговија, чии број во последните 2 години изнесува 3 деца е проблематична, тие немаат можност да престојуваат во Центарот за жртви. Потребна е и нивна реинтеграција во училиштата, посебно од страна на стручните служби.
- Воспоставување на систем во Државата за помош на децата жртви и на нивните семејства.
- Зголемување на институционалната заштита, зголемување на капацитетот на ЦЖТ, континуирана обука и супервизија на персоналот во ЦЖТ.
- Зголемено излегување на терен на трудовите инспектори, поголеми ингеренции на трудовите инспектори регулирани со закон.
- Подготовка на протоколи за постапување со деца жртви на трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови и обуки за спроведување на истите. Отворање на повеќе дневни центри за деца на улица на повеќе локации на територијата на државата, обезбедување на нивна оддржливост и опременост на овие центри со доволно стручни лица.
- Специјализирани советувалишта за континуирана психолошка помош и поддршка на деца под ризик, деца претпоставени жртви и деца жртви, од страна на сите професионалци вклучени во борбата со трговија со деца и превенција од питачење, трудова експлоатација и присилен брак.
- Превенцијата  на трговија со деца за питачење, трудова експлоатација и присилен малолетнички брак да биде инкорпорирана во училишната програма за превенција на трговијата со деца.
- Основна и специјализирана обука на јавни обвинители и судии на тема „Препознавање на трговија со деца за трудова експлоатација, питачење и присилен малолетнички брак, нивно соодветно и навремено процесирање и пропорционално казнување на сторителите“.
- Како најважна превенција испитаниците ја акцентираа тесната меѓу-секторска соработка и соработката со граѓанските организации, размена на податоци, заеднички консултации за специфични случаи и учество во заеднички проекти.
- Тесно да соработуваат со загрижувачките семејства во кои се згрижени деца жртви на трговија со деца, соработка на старателите со згрижувачите во загрижувачките семејства во врска со ресоцијализацијата на детето и вклучување во образованието.
- Соработка со локалната заедница за заштита на децата, особено децата под ризик од сиромашни семејства/дисфункционални семејства, кои преку злоупотреба на детето за питачење или трудова експлоатација или присилен брак, добиваат финансиски средства за семејството. Соработка во овозможување на успешна **реинтеграција** на децата жртви по напуштањето на Центарот за жртви.

Во рамките на интервјуто, од испитаниците се бараше да го изнесат своето мислење, сознанија и лична перцепција за бројот на деца и трендот на зголемување-намалување на бројот на деца жртви од 3те целни групи.

Одговорите на прашалникот, интервјуто и фокус групите покажаа дека испитаниците имаат различна перцепција и знаење за трендот и бројот на деца жртви на трговијата со деца за целните групи експлоатација. Во однос на следните важни прашања: ризиците од трговија со деца и мерките на превенција, сите испитаници беа единствени во одговорите, односно, покажаа доволно знаење и идентификуваа голем број ризици како и голем број соодветни мерки за превенција на ризиците. Големиот број евидентирани ризици и предлог мерки за нивна превенција од страна на испитаниците, покажа дека значаен дел од поставените цели на истражувањето, откривање на ризиците и препораките за превенција на истите се исполнети.

**Анализа на податоците од фокус групите**

Одржани се 2 фокус групи со по 20 учесници претставници од различни институции: МТСП, Сектор социјална заштита и НМУ, Мултидисциплинарни тимови во ЦСР од Скопје, Тетово, Неготино, Куманово, инспектори од ДИТ, ЕБТЛИМ во МВР како и стручните лица кои работаат на превенција и заштита на ранливи категории граѓани вклучувајќи и деца на улица, како што се социјални работници, психолози и педагози.

Согласно добиените сознанија од одговорите на доставените прашалници и интервјуто изготвени се прашања за водење на дискусиите во фокус групите.

Фокус групите овозможија квалитетно добивање на податоци, пристап кон експертско познавање и искуства врзани со спецификите на трудова експлоатација на деца, присилни бракови и питачење. Различниот домен на надлежности помогна во формирање заеднички заклучоци во однос на трговијата со деца. Методот на спроведување е реализиран по пат на разговор (прашања одговори, мислења, коментари).

Претставниците од центрите за социјални работи во фокус групи сметаат дека питачењето на децата е проблем кој постои во повеќе градови во Северна Македонија. Скопје, Охрид, се градови со најмногу деца питачи. Во Охрид, особено во летниот период, бројот на деца питачи е особено голем. Во поголемите градови Битола, Прилеп, Тетово се градови во кои има деца питачи. Во Источна Македонија нема град со деца кои секојдневно питачат. Пример, во Свети Николе нема деца питачи.(како изјавија претставничките од ЦСР Свети Николе).

Освен во Скопје и во другите градови, трендот на питачење се зголемува и на граничните премини каде децата може да станат жртви и на повеќе од еден вид трговија со деца (питачење, трудова експлоатација , сексуална злоупотреба).

Недоволната координација помеѓу ЦСР и МВР во одредени градови е проблем и причина зошто децата најчесто одат од еден во друг град да питачат.

Децата жртви на трудова експлоатација се среќаваат на улиците каде вршат ситни услуги или продаваат ситници. Ова се случува на прометни улици во поголемите градови, но се среќаваат и на наплатните рампи на автопатите. Деца жртви на овој вид трговија се среќаваат и при сезонски земјоделски работи во земјата но и .во странство. Жртви на трудова експлоатација се и деца кои се продавани за слугување во фарми за одгледување на стока, а понекогаш работат во кафеани како келнери/келнерки.

Трговијата со деца за присилен брак се случува почесто во ромски семејства, семејства на Турци Јуруци, но и во албански семејства. Тоа се најчесто сиромашни семејства, кои своите малолетни ќерки ги продаваат во земјата или во странство, за одредена сума пари. Некои од тие деца, заробени во присилен брак се изнајмувани за питачење, слугување како и за сексуална експлоатација.

***Претставниците од Прилеп истакнаа дека загрижувачки е тоа што бројот на присилните бракови во Прилеп секој ден се зголемува. Според нив причината е што Ромите, кај кои оваа појава е најчеста, не ги почитуваат законите и се повикуваат на традицијата. Доколку се реагира од страна на институциите тие тоа го гледаат како дискриминација и непочитување на нивната традиција. Во Свети Николе е слична состојбата како во Прилеп. Регистриран е зголемен број на малолетни девојчиња кои стапуваат во брак, што носи ризик за трговија со деца со цел присилен брак и трудова експлоатација.***

Понатаму, како следен проблем кој се истакна е потребата од заедничко градење капацитети на обвинителите и судиите во однос на процесирање на случај на трговија со дете, по пријава од полиција.

***Еден од проблемите што беше истакнат и дискутиран од присутните е немањето на слух од обвинителство и судиите за пријавите на родители кои стојат зад питачењето на нивните деца. Тоа го потврдува изнесениот случај од Куманово во кој кога бил пријавен случај на дете жртва на питачење, обвинението било одбиено, одговорот бил поразителен "нема место за обвинение затоа што родителите ги тераат децата да просат затоа што немаат што да јадат односно поради материјални причини".***

Испитаниците истакнаа дека е потребна поголема сензитивност на обвинителите и судиите за оваа тема, при што покрај позитивните законски прописи треба да се земат во предвид и ратификуваните меѓународни договори за правата на децата.

Се потенцираше потребата од измена и дополнување на легислативата која ја регулира работата на трудовиот инспекторат и во која што треба да се вклопи јасна одредба за известување од страна на трудовите инспектори во случаи на трудова експлоатација на деца. Во рамките на фокус групата се отвори дискусија од потребата за вработување на социјални работници во МВР и во училиштата. Социјалниот работник во училиштата е важна врска меѓу семејството, училиштето и наставниците. Нивните информации се многу значајни за рано откривање на причините за ученици за кои сомнеж дека се претпоставени жртви. Социјалниот работник е и врска меѓу училиштето и ЦСР во пријавување на ученик претпоставена жртва. Тој соработува и со семејството при реинтеграцијата на детето.

Во насока да се превенираат и заштитат децата и младите од трудова експлоатација, испитаниците истакнаа дека е потребно да се најде начин за нивно информирање за можните ризици за работа што се нуди надвор од државата, како во земјите членки на ЕУ, така и пошироко, особено преку летните месеци.

Испитаниците нагласија дека ризикот од неказнивост на сторителите, поставеноста на граѓаните кон питачите, малите казни, немањето на соодветна координација и недоволно финансиски и човечки ресурси претставуваат потенцијални ризици за да продолжи трендот на питачење и трудовата експлоатација на децата по нагорна линија.

Анализата на одговорите на фокус групите покажа големо совпаѓање со одговорите на испитаниците на прашалникот и интервјуто.

# 6 Заклучоци и препораки

Заклучоците и препораките од истражувањето се структурирани во два дела:

Општи за трговија со деца и специфични за трговијата со деца за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови.

**Општи заклучоци и препораки за намалување на бројот на деца жртви на трговија со деца**

Сите учесници во истражувањето се професионалци во областа на трговијата со луѓе, имаат доволно познавање за трговијата со луѓе, но значаен дел од нив немаат доволно познавање за трговијата со деца. Од тие причини постои **потреба за организирање на дополнителни обуки на професионалци** кои работат со деца жртви на трговија со деца. Истовремено потребно е обезбедување на оддржливост и континуитет преку планирање на финансиски средства, како и обезбедување на соодветен кадар со соодветно познавање на проблематиката. Обуките да се практични со симулација, играње улоги, практично претставување на сите техники.

Недоволните капацитети и ресурси во одредени институции (ЦСР и обвинителство) се причина за несоодветно третирање на трговијата со деца.

**Се препорачува зајакнување на капацитетите и ресурсите на институциите** кои имаат надлежност во разрешувањето на овие кривични дела како и зајакнување на капацитетите на останатите професионалци преку континуирана надградба на нивните знаења во согласност со промените и новините во областа.

Со заедничките обуки се развива и подобрува мулти-секторската соработка, затоа е потребен континуитетот во истата. Важно е да се потенцира дека потребно е да се предложат и вклучат стручни лица кои работат на оваа проблематика и кои ќе имаат можност наученото да го применат во праксата. Секако треба да се земе во предвид податокот дека не само ЦСР и ЈО, туку и МВР имаат недоволно човечки ресурси и финансиски средства.

Затоа **потребно е јакнење на капацитетите и ресурсите на одговорните институции** во рамките на државата на централно и локално ниво, преку планирање на финансиски средства кои треба да бидат обезбедени од страна на Министерство за финансии.

За превенција на трговијата со деца придонесува тесната меѓу-секторска соработка на институциите како и соработка со граѓанскиот сектор во земјата. Државата, меѓународната заедница и здруженијата на граѓани, треба заеднички да вложат напори за примена на **строги мерки за заштита и превенција, проактивна**

**истрага и казни за сторителите, активни програми и мерки за рехабилитација и поддршка на децата жртви**. Потребно е и организирање на заеднички обуки на персоналот од институциите (полицаец, воспитувач, наставник, социјален работник, судија, обвинител, претставник од НВО, лекар) за ризиците и начините на превенција на трговија со деца, со цел унапредување на меѓу-секторската соработка.

Недоволната соработка со граѓанскиот сектор за борба против трговијата со деца доведува до неусогласеност на извештаите за бројот на деца претпоставени жртви и жртви на трговија со деца. Се **препорачува зголемување на соработката помеѓу институциите и граѓанските организации** низ заеднички акции и учество во заеднички проекти. **Постои соработка со граѓанскиот сектор, но потребни се обуки за граѓанските организации со цел нивно информирање во однос на упатување на жртви на трговија со деца до НМУ при МТСП.**

**Потребно е унапредување на соработката со меѓународните организации во насока на планирање и координирање на активностите поврзани со превенција на трговијата со деца.**

Во училиштата се одржани само основни обуки за наставници за спречување на трговијата со деца. Промените во областа трговија со деца, ризиците кои секојдневно се зголемуваат, недоволната обука за видовите на трговија со деца, ја наметнуваат потреба од континуирани обуки во училиштата (за вработените и учениците, но и за родителите) за видовите на трговија со деца, каде спаѓаат и трите целни видови и начините на превенција.

- **Едукација за опасностите од трговија со деца**

Констатирани се недоволни капацитети и несоодветни системи за реинтеграција на децата жртви на трговија по напуштањето на Центарот за жртви, како и неподготвеност на училиштата за прифаќање на овие деца и вклопување во средината. Тоа се причините за недоволно успешна ресоцијализација и реинтеграција на децата жртви на трговија со деца.

За успешно одвивање на овие два процеса **потребна е подготовка на семејството пред враќањето на детето и подготовка на згрижувачките семејства од страна на старателите на децата**. За прифаќање на детето и вклопување во училишната средина, **потребна е подготовка на стручните служби во училиштата**. Подготовката е особено потребна за **стручниот тим од СОС Детско село и малите групни домови**, кои ќе работат со семејствата на децата жртви, и секако со децата за нивно вклопување во училиштето.

Стручните служби, но и наставниците **треба да работат и со другите ученици во одделенијата во кои има дете жртва и кое треба да биде прифатено од нив**. Се препорачува **обуките за подготовката** да ги спроведува тим експерти за областа трговија со деца и познавање на специфични техники за промена во однесувањето на децата.

Потребни се информативни средби во училиштата особено во кои ќе бидат вклучени и родителите со цел запознавање со трговија со деца, но и со сите други ризици (сексуално насилство, педофилија, булинг и слично), но истите да се во континуитет. Родители треба да се мапираат, таргетираат и истите да се информираат за ризиците

и последиците, а накрај и за казнивоста за стореното кривично дело. Пречка би биле финансиите и самооддржливоста. Не треба да се потенцира за некое дете во каков ризик е и што му се случило, туку да се насочат стручните служби и наставниците во училиштата кон развивање на поголема сензитивност кај децата кон другите и прифаќање на сите различности.

Малите и несоодветни казни за сторителите на кривичното дело трговија со деца ги охрабруваат трговците за повторување на делото. Потребни се промени во казнената политика, особено во однос на зголемување на казните за сторителите, (одземање на имотот, повисоки затворски казни и други поригорозни мерки во казненото законодавство). **Се препорачува обука за судиите за одмерување на пропорционални казни на сторителите на трговија со деца и конфискација на нелегално стекнатиот имот и профит**.

Се **препорачува зголемена сензитивноста на обвинителите и судиите** за оваа тема, при што покрај позитивните законски прописи треба да ги земат во предвид и ратификуваните Конвенции за правата на децата. Од особено значење е да се зголеми сензитивноста на јавните обвинители и судии за оваа тема и нивно поголемо учество на работилници, обуки, состаноци.

**Потребно е родителите од ромската популација да се едуцираат дека постојат законски прописи за казнивост.**

Постои Центар за жртви на трговија со луѓе во кој се згрижуваат деца само од женски пол. За деца од машки пол жртви на трговија со деца од различен вид не постои. Се препорачува проширување на капацитетот на Центарот и отворање на дел за згрижување на малолетни момчиња жртви на трговија.

За препознавање на ризиците од трговија со деца потребни се кампањи за подигање на свеста на јавноста, поради тоа што таа не е доволно запознаена со ризиците од трговија со деца и последиците по жртвата. Може да се користат и други средства за подигање на свеста, како што се: работа на терен, едукации, флаери, работилници и сл.

**Заклучоци и препораки специфични за трговијата со деца за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови**

Претходниот заклучок за недоволното познавање на трговијата со деца, уште е понагласен во однос на недоволното познавање на трговијата со деца за трите целни вида: трговија со деца за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови. Од тоа произлегува и разликата во знаењето на испитаниците за трендот на зголемување – намалување на бројот на деца-жртви од секој од овие три вида експлоатација на деца. Нема доволно граѓански организации и згрижувачки семејства.

**Се препорачува градење на капацитетите на професионалците од засегнатите институции и граѓанските организации** кои работат на превенција на трговијата со деца со цел за трудова експлоатација, питачење и присилни бракови.

На Таск форс-от и на деташираните полицајци сеуште не им е регулиран статусот во согласност со организацијата и систематизација на работни места во МВР, не можат да се унапредат и исто така немаат соодветни простории за работа. Сето тоа се рефлектира на можноста за оддржливост, бидејќи мандатот на Таск форсот истекува идната година во март.

**Треба да се продолжи мандатот на Таск форсот и да се најде решение за деташираните инспектори со цел обезбедување на оддржливост.**

Потребата од обуки е истакната посебно за јавните обвинители и судиите за поголема сензитивност кон децата, подобрување на препознавањето на децата жртви на трудовата експлоатација, питачење, присилни бракови и соодветно казнување на родителите и другите сторители на овие кривични дела. **Обвинителите треба да следат обуки за трговија со деца за овие три вида експлоатација**, вклучително и за сослушување дете, со примена на мерки за процесна заштита во баланс со правата на обвинетиот.

Најчестите причини за сите 3 вида експлоатација на деца се во средината во која детето живее. Тоа се деца од сиромашни и/или дисфункционални семејства, со невработени родители, со намален родителски капацитети, кое децата ги прави ранливи, а постои и влијание на „традицијата„ во заедниците од каде доаѓаат децата жртви на трудова експлоатација, присилни бракови и питачење.

Причина се и благите казни или неказнување на родителите кои ги присилуваат своите деца на питачење, работа на улица или на брак, како и благи казни или неказнување општо на сторителите или корисниците на услугите.

За ублажување на причините на трговија со деца за овие 3 вида експлоатација, **потребна е државна помош на ранливите семејства и децата од ранливите категории**, како и промени во казнувањето, односно зголемување на казните за сторителите. Потребна е помош и поддршка на ранливите семејства од страна на институциите на државно и локално ниво во согласност со потребите на истите, како што се јакнење родителски капацитети, програма за вработување, домување, даночни олеснувања и сл.

Евидентно е зголемувањето на бројот на деца питачи не само во Скопје, туку и во поголемите градови и деца кои работат на улица, но мал е бројот на идентификувани деца жртви на овие два вида трговија со деца. За подобрување на идентификацијата на децата претпоставени жртви на питачење и трудова експлоатација **истакната е потребата од ревидирање на постојните индикатори за овие два вида, но и подготовка на индикатори за препознавање на децата жртви на присилни бракови**. Во процесот на ревидирање на индикаторите, да се земе предвид праксата на Европскиот суд за човекови права.

Во насока на превенција од ризикот на питачење и работа на децата на улица, како претпоставени жртви на трговија со луѓе, **постои потреба од координирани заеднички превентивни контроли** од страна на социјалните работници од ЦСР, инспекторите во МВР, претставници од релевантни граѓански организации кои работат со овие деца и трудовите инспектори. Потребна е да се обезбедат политики преку кои ќе се обезбеди оддржливост на мобилни тимови.

За намалување на бројот на деца на улица можат да помогнат дневните центри за деца за заштита на децата на улица. Потребна е **институционализација на овие дневни центри и отворање на Државен центар за деца на улица**. Потребно е да се зголеми бројот на дневни центри и во други општини во градовите во кои има деца питачи и деца кои работат на улица.

За следење на трендот на бројот на деца претпоставени жртви и жртви на некој од овие 3 вида на експлоатација, **има потреба од воспоставување на датабаза на податоци**, односно собирање на податоци за пријавените деца претпоставени жртви и жртви на трговија со деца, со специфика на видот на трговија со деца.

Присилните бракови чии што број се зголемува и во кои детето е жртва на експлоатација, се најнедостапни за откривање, а најчесто се случуваат во одредени заедници. во кои женските деца не се образуваат и рано родителите ги мажат. Од ова произлегува потребата од работа со родителите за штетата предизвикана од присилните бракови, но и за постоењето на законски прописи за казнување на сторителите. **Ромските граѓански организации потребно е да работат со ромската заедница за спречување на оваа појава**. Потребно е да се води евиденција на вонбрачни заедници со малолетни лица, да се потсетат родителите (посебно од Ромска заедница) дека мора да ги вклучат децата во редовно образование, поголем ангажман за превенција во Ромската заедница, но и работа со др. заедници за надминување на стереотипи.

За превенција на трговијата со деца за питачење, трудова експлоатација и присилни бракови **се препорачува организирање на информативни кампањи за општата јавност** за негативното влијание на давањето пари на децата питачи и акцентирано препознавање на децата претпоставени жртви на овие 3 вида трговија со деца, како и за начините на пријавување на сомнеж за дете претпоставена жртва на некој од овие 3 вида експлоатација. Да се обезбеди ангажирање на МТВ и македонско радио за бесплатна дистрибуција и да се прикажат спотови дека трговијата со деца за овие 3 типа експлоатација е казниво дело.

***Ограничувања на истражувањето***

При реализацијата на истражувањето се соочивме со одредени проблеми и ризици кои можат да влијаат на одредени резултати на истражувањето. Дел од нив се однесуваат на следното:

При спроведување на **интервјуто** (декември-јануари) беше тешко да се усогласиме со времето во кое испитаниците беа слободни. Од таа причина го намаливме бројот на прашања за да може да се елаборираат подлабоко најважните прашања. Немавме можност да спроведеме интервју со јавен обвинител и судија.

Во планирањето на бројот на учесници во фокус групите, за кои беше предвиден и поканет број од 30 учесници, на поканата одговорија само 20 од институции. Не учествуваа претставници од невладините организации ниту од правосудните органи

Се појави проблем и при собирањето на статистичките податоци за бројот на деца жртви на трговија со деца поделени по видови на експлоатација. Причината е што во Северна Македонија сеуште нема воспоставен единствен систем на собирање на податоци, заради што се случува да се добијат различни податоци од ЦСР, МВР и граѓанските организации за различен број претпоставени жртви и мал број на формално идентификувани деца жртви на трговија со деца. Во истражувањето ги користиме официјалните податоци од МВР за бројот и видот на трговија со деца во последните 5 години. Од обвинителството побаравме извештај за процесирани случаи на деца жртви на трговија со деца и казните за сторителите, но не добивме одговор.

# 7 Библиографија

Анализа на ризик фактор во семејство и трудова експлоатација на деца-Магистерски труд М.Варошлија (...)

ГИЗ, Студија за меѓународна законска рамка и македонските закони за сиромаштија со посебен фокус на трговија со луѓе, В.Данаилов (...)

Годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2022)

ГРЕТА, Упатство за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација (2020) достапно на http://rm.coe.int/guidance-note-on-preventing-and-combating-trafficking-in-humanbeings-/1680a1060c,

ГРЕТА, Трет извештај ГРЕТА за состојбата со трговија со луѓе и илегална миграција во Северна Македонија (2023)

Завод за социјални дејности, Деца на улица (...)

Извештај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, Клара Скриванкова, Лазар Јовевски (2017)

Извештај на УСА за состојбата со трговија со луѓе и илегална миграција во Северна Македонија (2023)

ЈУ Завод за социјални дејности, Истражувања и анализи, Документи (2007)

Министерство за внатрешни работи, Извештај (2023)

Отворена порта, Извештај од Истражување за онлајн експлоатација и трговија со деца (2022)

Совет на Европа, Трговија со луѓе за трудова експлоатација во Северна Македонија: фактори на ризик, трендови на ризик и предизвици (2022)

Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе (СОП) достапно на www.mtsp.gov.mk;

Улични деца, деца на улица 2000; Зборник на трудови од научен собир, издавач: Филозофски факултет (2000)

УНИЦЕФ, Децата кои живеат во сиромаштија: Преглед на дефиниции (2005)

УНИЦЕФ, Мониторирање на правата на децата и социјална политика (2012) достапно на http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/15964.html

УНИЦЕФ, Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, С.Димитријоска (2012)

**Публикации на странски јазици**

Vjece Evrope, "Fenomen trgovine djecom u Bosni i Hercegovini" M. Dottridge & all. (…)

UNODC, Analysis of cases of trafficking in human beings and child trafficking in the Republic of North Macedonia: Challenges for effective prosecution and sanctioning of perpetrators, (2022)

**Закони**

Закон за заштита на децата 2010

Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство 2022

Закон за матична евиденција 2008

Закон за основно образование 2008

Закон за правда за децата 2013

Закон за прекршоците против јавниот ред и мир 2007

Закон за работните односи 2014

Закон за семејството 2014

Закон за социјална заштита 2009

Закон за средно образование 2009

Кривичен законик 1996 со измените

# ПРИЛОЗИ

***СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

*„Истражување на трговијата со деца за трудова експлоатација, малолетнички присилни бракови и питачење"*

*Почитувани,*
*Во рамки на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален Инструмент за Западен Балкан и Турција" со времетраење од јануари 2023 до декември 2026 година се имплементира проектот* ***Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија****. Во рамки на проектот се спроведува истражување за трговија со деца со цел трудова експлоатација, малолетнички бракови и питачење. Ве молиме да го пополните овој прашалник, со што ќе помогнете да се изработи истражување на оваа актуелна тема преку кое ќе можат да се дефинираат ризиците за појавата на трговијата со деца со цел трудова експлоатација но секако ќе се утврдат заклучоци и препораки за спречување на истата.*

*Пополнувањето на прашалникот ќе ви одземе околу 15 минути од Вашето време.*

*Однапред Ви благодариме!*

## П Р А Ш А Л Н И К

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ: ____________________________ (по избор)

РАБОТНА ФУНКЦИЈА: ________________________ ( по избор)

ИНСТИТУЦИЈА: ____________________________

*1. "Дали Вашето работно ангажирање има допирни точки со феноменот трговија со луѓе/деца ?*

*2. Колку сте запознаени со видовите трговија со деца?*

*3. Дали С Македонија има изградено ефикасна институционална рамка за соодветен одговор на проблемот трговија со луѓе/деца„ ?"*

*4. Што треба да се направи за да се подобри институционалната рамка за борба против трговијата со луѓе во земјата?*

*5.Дали законската формулација на к.д. Трговија со луѓе чл.418а и Трговија со малолетно лице чл.418г, содржи доволно индикатори за идентификација-дефинирање на трговијата со луѓе и кривично гонење на сторителите на експлоатација на деца согласно меѓународните стандарди?*

*6. С.Македонија во делот на трговијата со луѓе преставува земја на:*

*7. Според половата застапеност, жртвите на трговија со луѓе најчесто се од?*

*8. Со каков степен на образование се жртвите?*

*9. Дали сте запознаени од каква средина потекнуваат жртвите на?*

*10. Начин на регрутирање на жртвите најчесто е по пат на:*

*11. Дали воспоставената институционална рамка, Националната Комисија за ТЛ и илегална миграција, Подгрупата за борба против трговија со деца и Националниот Механизам за упатување, се рамка која овозможува функционирање на системот за идентификација, упатување, заштита и помош на жртви на ТЛ/ТД?*

*12. Дали Националниот известувач во своите годишни извештаи доволно ја потенцира трудовата експлоатација покрај останатите видови експлоатација?*

*13.Дали Националната стратегија и НАП за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 стратешки документи, доволно ја покрива трговијата со луѓе/деца?*

*14. Дали предвидениот буџет за спроведување на НАП е доволен за ефикасно исполнување на предвидените активности и цели во НАП?*

*15. Дали Националниот механизам за упатување функционира навремено и ефикасно за прифаќање и упатување на идентификувана жртва на трудова експлоатација?*

*16. Дали СОП со предвидените процедури преставува ефикасна алатка за постапување со жртви на трговија со луѓе/деца?*

*17. Споредно со растот на свеста за трудова експлоатација, постојат ли шелтери центри за заштита на жртви на овој вид на експлоатација?*

*18. Сепак, дали капацитетите на постоечките шелтери одговараат на бројот на идентификуваните жртви?*

*19. Дали за идентификуваните жртви е предвидена, се спроведува и им се овозможува ефикасна заштита, помош, реинтеграција и ресоцијализација, во функција на најдобрите интереси на жртвата?.*

*20. Дали постои правен основ за ефикасна соработка помеѓу државните институции во постапувањето со жртви во сите фази?*

*21. Дали граѓанскиот сектор е вклучени во работа со идентификувани жртви и преставуваат ефикасен партнер и во кој дел најмногу?*

*22. Дали Асоцијациите на работодавачи во РСМ се вклучени во превенирањето и препознавањето на трудовата експлоатација?*

*23. Дали постои меѓународна соработка во делот на размена на информации за идентификација на жртви како и безбедно враќање и гонење на сторители?*

*24. Дали Вие лично во рамките на Вашата институција сте имале официјална соработка со меѓународна агенција-организација-институција во врска со трговијата со луѓе?*

*25. Дали сте соработувале, учествувале на меѓународен проект за трудова експлоатација?*

*26. Дали Ви се познати одредени политики, добри пракси или позитивни иницијативи кои би допринеле за подобар и поефикасен национален одговор на трговијата со луѓе?*

*27. Дали е потребно измена и дополнување на постоечкото законодавство од областа на Инспекторатот за труд со цел нивно поактивно вклучување во препознавање на трговијата со луѓе/деца со цел трудова експлоатација?28. Ваши лични сугестии, препораки кои би придонеле за подобрување на Националниот одговор против трудовата експлоатација?*

***Интервју***

*1. Спореd вашето мислење и лична перцепција бројот на деца жртви на трудова експлоатација, питачење и малолетнички бракови се зголемува ,останува ист или се намалува?*

*Тренд на движење на бројот на деца од овие 3 вида експлоатација*

*1.1.Трудова експлоатација*

*1.2.Питачење  како вид на трговија со луѓе*

*1.3.Малолетнички бракови - дел од трговијата со деца*

*2. На второто прашање се бараше од оние кои сметаат дека бројот на деца на било кој од овие 3 вида ТД се зголемува да ги наведат причините.*

*3. Според Вас, кои се ризиците за зголемување на трговијата со деца во нашата земја?*

- *Недоволна институционална заштита (несоодветна и и недоволна реакција на одговорните институции)?*
- *Дискриминација и недоволна инклузија на децата Роми, недоволна вклученост во образованието, сиромаштија на ромските семејства?*
- *Ранливоста на непридружуваните деца мигранти. Ризик за овие деца се возрасни лица кои се преставуваат како нивни придружници?*

*4.Како да се превенираат ризиците и да се заштитат децата?*

*5.На кој од ризиците вашата Институција може да влијае?*

## П Р О Т О К О Л

**За водење на фокус групи**

**Времетраење: 11-17 часот**

**Број на испитаници : 20**

**Бележење на одговорите: со помош на водење на белешки**

**Преставување на учесниците**

**Преставување на содржините за дискусија**

**Отварање на дискусија**

| **Теми за дискусија:** |
|---|

**1. Ситуацијата со појавата на три вида трговија со деца (ТД): трговијата со деца за трудова експлоатација, малолетнички бракови и питачење во период од последните 5 години во нашата земја.**

- Како е регулиран овој феномен во меѓународната, европската и домашната правна регулатива?

**2. Кои се причините за појава на:**

- Трговија за трудова експлоатација;
- Малолетнички бракови;
- Питачење.

**3. Кои се ризиците за појавата на секој од овие 3 вида ТД:**

- Трговија за трудова експлоатација;
- Малолетнички бракови;
- Питачење.

**4. Како може да се превенираат ризиците за појавата на:**

- Трговијата на деца за трудова експлоатација.

**5. Како може да се превенираат ризиците за појавата на:**

- Малолетничките бракови.

**6. Како може да се превенираат ризиците за појавата на:**

- Питачењето кај децата.

**7. Предлог на конкретни мерки за превенција на ризиците од : трговија со деца за:**

- Трудова експлоатација;
- Деца жртви на малолетнички бракови;
- Деца жртви на питачење.

**8. Какви конкретни мерки за превенција на ризиците од секој од овие 3 вида ТД треба да преземат институциите?**

- МВР;
- ЦСР;
- МОН;
- Правда;
- Здравство;
- Трудовиот инспекторат;
- Други.

**9. Мерки за превенција на ризиците од ТД (за секој од овие 3 вида ) можат да преземат:**

- Граѓанските организации;
- Граѓаните (јавноста);
- Кои други.

**10. Дали досегашните начини на превенција на децата од ТД се доволно ефикасни во смисла на**

- Навремено откривање (општо) на децата потенцијални жртви на ТД;
- Специфични за секоја од овие 3 вида: трговија за трудова експлоатација; малолетнички присилни бракови; питачење;
- Навремено откривање;
- Навремена заштита;
- Рехабилитација;
- Реинтеграција.

**11. Потреба од обуки за ризиците и превенцијата на ризиците на сите инволвирани страни за овие 3 вида ТД?**

ДА
НЕ

- За претставници од институциите;
- Граѓанските организации.

**12. Заклучоци и предлози за понатамошни активности за превенција на ризиците од појава на трговија со деца за секој од наведените 3 вида ТД?**

**13. Потреба од измена и дополнување на законската регулатива /пр. Закон за инспекцијата на труд?**

Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ